Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja Publike për Parkingje Publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-155/3
07.04. 2017 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 27 од Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје , Управниот Одбор на седница одржана на ден 07.04.2017 година ја донесе следнава:

**О Д Л УК А**
**за усвојување на Годишниот Извештај на работењето на ЈП Градски паркинг- Скопје за период 01.01.2016до 31.12.2016 година**

***Член 1***

Со оваа Одлука се усвојува Годишната Извештај на работењето на ЈП Градски паркинг- Скопје за период 01.01.2016 до 31.12.2016 година согласно позитивното мислење дадено од Надзорниот Одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП Градски паркинг- Скопје.

***Член 3***

Одлуката за усвојување на Годишниот Извештај на работењето на ЈП Градски паркинг- Скопје за период 01.01.2016 до 31.12.2016 година да се достави до Совет на Град Скопје заради добивање согласност.

***Член 4***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 07.04.2017 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ
Претседател,
Тодор Димитров

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja Publike për Parkingje Publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-155/3
07.04 2017 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ
СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2016

***ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ ЗА 2016 ГОДИНА***

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2016

***ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ ЗА 2016 ГОДИНА***

# 1. ВОВЕД

## 1.1. *ОПШТИ ПОДАТОЦИ*

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот: | Јавно претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје |
| Скратен назив: | ЈП Градски Паркинг- Скопје |
| Седиште на субјектот: | ул. „Македонија" бр.11а |
| ЕДБ на субјектот: | МК 4030003493220 |
| Идентификационен број: | 5808855 |

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг- Скопје е основано со Одлука на Совет на Град Скопје бр. 09-3080/1 од 20.10.2003 година, а запишано е во Трговскиот регистар при Основен Суд Скопје 1 во Скопје под трг. број 4500/03 од 13.11.2003 година.

Основач и сопственик на Јавното претппријатие е Град Скопје со седиште на бул. „Илинден" бр. 82 и ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законот и другите прописи.

Статутот на ЈП Градски Паркинг- Скопје е донесен со Одлука бр. 1 од 09.01.2004 година на седница на Управен Одбор на Претпријатието.

Согласно потребата од усогласување со законските прописи, а со цел да се овозможи поефикасно и поекономично работење на Претпријатието и негово понатамошно опстојување, Управниот одбор на Јавното претпријатие на седница одржана на ден 07.07.2006 година со Одлука бр. 02-592/2 носи нов Статут на Претпријатието. Стаутот на ЈП Градски паркинг- Скопје е изменет и дополнет со „ Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ЈП Градски паркинг-Скопје" со арх. бр. 02-992/4 од 17.11.2006 година, „ Статутарна Одлука за изменување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" арх. бр. 02-1279/3 од 25.12.2008 година, „Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" со арх. бр. 02-892/5 од 25.11.2011 година, „Одлука за измена на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" арх. бр.02-109/8 од 13.02.2013 година, „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски паркинг- Скопје" арх. бр. 02-445/4 од 03.09.2013 година и „Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП Градски аркинг- Скопје" арх. бр. 02-520/10 од 29.12.2016 година.

Со Статутот на ЈП Градски Паркинг- Скопје поблиску се уредува организацијата и начинот на вршење на дејноста, управувањето и раководењето со Јавното претпријатие,

општите акти и постапката за нивно донесување, како и други прашања од значење за извршување на дејноста и работењето на Јавното претпријатие.

## *1.2 ДЕЈНОСТ*

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски Паркинг – Скопје е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на сообраќајот како стопанска дејност од јавен интерес за градот Скопје.

Претежната дејност на Претпријатието е под шифра:

52.21 Други придружни активности во копнениот сообраќај
- активност врзана за копнениот превоз на патници, животни или стоки
- работа на станични објекти како што се железнички станици,станици за ракување со стоки
- тековно одржување и помали поправки на возниот парк
- работа на патишта, мостови, тунели, паркиралишта или гаражи, паркиралишта за велосипеди
- чување на стамбени приколки во зима
- отстранување на непрописно паркирани возила
- остранување на хаварисани возила од јавните површини

96.01 Перење и хемиско чистење на текстилни и крзнени предмети
96.09 Останати лични услужни дејности неспомнати на друго место
82.99 Останати деловни помошни услужни дејности неспомнати на друго место
68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг)
45.20 Одржување и поправка на моторни возила

Претпријатието обавува и други дејности во согласност со Закон.

ЈП Градски Паркинг – Скопје во правниот промет и во односите со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, само во рамките на дејноста која е запишана во регистарот, а како овластено лице за застапување е Директор. За обврските спрема трети лица превземени во свое име и за своја сметка, Претпријатието одговара со целиот имот.

Средствата за вршење на дејност се обезбедуваат од:

- Приходи кои ги остварува Претпријатието,
- Субвенции од Буџет на Град Скопје,
- Донации
- Кредитни средства и други извори на средства во согласност со Закон.

Своето работење и развој Претпријатието го темели на Инвестициона програма за која согласност дава Совет на Град Скопје.

Јавното претпријатие платниот промет го извршува преку повеќе банки со следните жиро сметки:

- 300000001800259 Комерцијална Банка
- 300000002923422 Комерцијална Банка
- 300000002923519 Комерцијална Банка
- 300000002923616 Комерцијална Банка
- 300000002923713 Комерцијална Банка
- 210058088550178 НЛБ Банка
- 280108101592254 Силк Роуд Банка
- 320100002538006 Централна Кооперативна Банка

## *1.3 ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ*

ЈП Градски Паркинг- Скопје, во вршење на дејност од јавен интерес, се организира на начин со кој се обезбедува единственост, ефикасност и максимален успех во процесот на работење.

Дејноста на Претпријатието е организирана во рамки на Сектори и тоа:

- Сектор Јавни паркиралишта,
- Сектор Пајак,
- Сектор за финансии, сметководствени работи и јавни набавки,
- Сектор за правни и општи работи
- Сектор за комерција и маркетинг и
- Сектро канцеларија на Директор.

Внатрешната организациска поставеност на Претпријатието подетално се уредува со акт „Правилник за организација на Претпријатието".

Органи на управување на Претпријатието се:

- Управен одбор,
- Директор и
- Надзорен одбор за контрола на матријално- финансиското работење.

**Управен Одбор** е орган на управување на Претпријатието кој го именува Совет на Град Скопје со Решение за именување членови на Управен Одбор. Мандатот на членовите на Управниот одбор не може да биде подолг од 4 (четири) години. Управниот одбор во ЈП

Градски Паркинг- Скопје брои 9 (девет) члена од кои се бира Претседател на Управниот Одбор.

Претседателот на Управниот Одбор ги свикува седниците, се грижи за извршување на актите на Управниот одбор и врши други работи утврдени со Деловникот за работа на Управниот одбор.

Одговорноста на Управниот одбор се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управувањето.

**Директор** е орган на раководење на Претпријатието кој го именува односно, разрешува Градоначалник на Град Скопје врз основа на Јавен оглас.

Мандат на Директор трае 4 (четири) години. Правата и должностите на Директор на Претпријатието поблиску се дефинирани во Статут на Јавното претпријатие.

Директор, за резултатите од своето работење е одговорен пред Градоначалник на Град Скопје.

Одговорноста на Директорот се утврдува согласно одредбите од Законот за трговски друштва кои се однесуваат на органите на управувањето.

Директорот е должен да определи вработен во Претпријатието кој го заменува во негово отсуство и го води тековното работење на претпријатието со права и обврски за кои ќе го овласти Директорот согласно Законот и Статутот.

**Надзорен Одбор за контрола на материјално- финансиско работење** е орган кој врши контрола на материјалното и финансиско работење на Претпријатието.

Истиот го именува односно, разрешува Совет на Град Скопје со Решение за именување односно, разрешување на членови на Надзорен Одбор. Мандатот на членовите не може да биде подолг од 4 (четири) години. Одборот за материјално-финансиска контрола во ЈП Градски Паркинг- Скопје брои 5 (пет) члена од кои еден се избира за Претседател. Одборот својата работа ја врши согласно надлежностите предвидени во Закон и Статут на Претпријатието.

Одборот задолжително се состанува најмалку 4 (четири) пати во годината. За резултатите од извршените контроли Надзорниот одбор го известува Управниот одбор, Советот на Град Скопје, Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски како надлежно Министерство.

# 2. ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА СО КОИ СТОПАНИСУВА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

## СОСТОЈБА СО ПАРКИНГ ПОВРШИНИ И БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

### *ЛОКАЦИЈА, ПОВРШИНА, БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА, ЦЕНА НА УСЛУГА И ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ ПРИ ПАРКИРАЊЕ НА ПАРКИРАЛИШТАТА СО КОИ СТОПАНИСУВА ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ*

Во делот на уредување на сообраќајот во мирување и оспособување паркинг места во рамки на градот Скопје, Јавното Претпријатие Градски паркинг- Скопје заклучно месец Декември 2016 година, има уредено и ставено за употреба на граѓаните **8015 паркинг места** од кои:

- вкупен број паркинг места на „затворени"-те јавни паркиралишта, на кои влезно-излезниот систем на работа е организиран со помош на рампа, изнесува **1694**,
- бројот на уредени паркинг места на јавните површини наменети за паркирање, каде паркирањето е зонски организирано, изнесува **5271** и
- **1050** паркинг места се ставени во употреба преку третиот вид на уредување на сообраќајот во мирување- паркирање во катна гаража.

На 07.07.2016 година, „затвореното" јавно паркиралиште „Транспортен Центар" го менува начинот на уредување на сообраќајот во мирување, се трансформира во зонски систем на работа и се приклучува кон подзона Ц33 со што во споредба со изминатата, 2015 година, вкупниот бројот на паркинг места заклучно Декември 2016 година останува ист, непроменет[1].

[1] Во текот на 2013 година беа затворени јавните паркиралишта „Плоштад" и „Музеј на Град Скопје" 1 и 2 со што бројот на паркинг места со кои претходно има стопанисувано Претпријатието (до 2013 година) е намален за 355 паркинг места.

## *ТАБЕЛАРНИ ПРИКАЗИ*

Приложуваме табеларно претставена состојбата на оспособени/ уредени јавни паркиралишта, јавни површини наменети за паркирање и катни гаражи со кои стопанисува Јавното Претпријатие Градски паркинг- Скопје за период од Јануари до Декември 2016 година.

Графичките прикази ги содржат следниве информации:

- точен назив на јавното паркиралиште, површина наменета за паркирање- зона односно, катна гаража;
- степенот на ограничување кај „затворените" јавни паркиралишта (прв, втор или трет степен на ограничување, во зависност од близината/ оддалеченоста од централното градско подрачје) односно, зоната во која се наоѓа јавната паркинг површина (прва црвена А зона, втора жолта Б зона, трета зелена Ц зона или четврта бела Д зона);
- точната локација на која се простира;
- површината, изразена во $m^2$ и
- вкупниот број на паркинг места со кои располага, број на паркинг места наменети за лица со посебни потреби како и паркинг места/ стојалишта за такси возила.

## *А. „ЗАТВОРЕНИ" ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

| *РЕД. БР.* | *НАЗИВ НА ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ* | *ЛОКАЦИЈА* | *ПОВРШИНА $m^2$* | *ПАРКИНГ МЕСТА+ ЛПП (ВКУПЕН БРОЈ ПАРКИНГ МЕСТА)* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | *ВТОР СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ* | *ЦЕНА НА УСЛУГА **35 ДЕН./ ЧАС*** | | |
| 1 | ***КОЧО РАЦИН*** | бул. „Кочо Рацин" тех. бр. 35 | 3867 $m^2$ | *175+2 (177)* |
| 2 | ***ГРАДСКА БОЛНИЦА*** | ул. „Филип Втори Македонски" бр. 490 | 3.411 $m^2$ | *108+3 (111)* |
| 3 | ***ЗОИЛ*** | ул. „Стив Наумов" тех. бр. 18 | 2.317 $m^2$ | *123* |
| | *ТРЕТ СТЕПЕН НА ОГРАНИЧУВАЊЕ* | *ЦЕНА НА УСЛУГА **25 ДЕН./ ЧАС*** | | |
| 4 | ***ТУТУНСКИ КОМБИНАТ*** | ул. „Пролет" бб *(МАНУЕЛНА РАМПА- ЦЕНА 40 ДЕН./ЧАС)* | 3.283 $m^2$ | *128+4 (132)* |
| 5 | ***ТРЕСКА*** | ул. „Народен Фронт" тех. бр. 1 | 4.271 $m^2$ | *95 + 3 (98)* |
| 6 | ***АМСМ*** | бул. „М.Т.Гологанов" тех. бр. 332 | 1.591,55 $m^2$ | *107+ 4 + 6 за камиони (111)* |
| 7 | ***ДОМ НА ПЕЧАТ*** | бул. „Св. Кирил и Методиј" бр.1 | 4.170 $m^2$ | *169+4 (173)* |
| 8 | ***НАРОДЕН ФРОНТ*** | ул. „Народен Фронт" бб | 2.658 $m^2$ | *96 + 3 (99)* |
| 9 | ***ГОБ „ 8ми СЕПТЕМВРИ"*** | ул. „Париска" тех. бр. 901 | 1.283 $m^2$ | *44+2 (46)* |
| 10 | ***Комплекс Клиники „МАЈКА ТЕРЕЗА"*** | ул. „Мајка Тереза" бр. 41а | 31.251 $m^2$ | *517 +16 (533)* |
| 11 | ***ТРАНСПОРТЕН ЦЕНТАР 2*** (за камиони и автобуси) | | | *91* |
| | | ***ВКУПНО:*** | **58.103 $m^2$** | ***1653+41 (1694)*** |

## *Б. КАТНИ ГАРАЖИ*

Табеларно го прикажуваме бројот на паркинг места со кои Претпријатието стопанисува во рамки на катна гаража од тврда градба.

Во функција на проектот „Скопје изнајми велосипед" во рамки на катната гаража „Македонска фаланга" ќе бидат оспособени 125 и во катна гаража „Тодор Александров" 120 паркинг места наменети за велосипеди.

| *РЕД. БР.* | *НАЗИВ НА КАТНА ГАРАЖА* | *ЛОКАЦИЈА* | *ПОВРШИНА $m^2$* | *ПАРКИНГ МЕСТА+ ЛПП (ВКУПЕН БРОЈ ПАРКИНГ МЕСТА)* | *МЕСТА ЗА ПОЛНЕЊЕ ЕЛЕКТРОМОБИЛИ* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | *ЦЕНА НА УСЛУГА: **30 ДЕН./ ЧАС*** | *МЕСЕЧНА ПРЕТПЛАТА- **2 000 ДЕН.*** | | *ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА- **20 000 ДЕН.*** | |
| 1 | ***МАКЕДОНСКА ФАЛАНГА*** | ул. „Св. Кирил и Методиј" | 15.873 $m^2$ | *428+17 (445)* | *1* |
| 2 | ***ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ*** | ул. „Даме Груев" бр. 14 | 29.183 $m^2$ | *589+16 (605)* | *2* |
| | | ***ВКУПНО:*** | **45.056 $m^2$** | ***1017+33 (1050)*** | |

## *В. ЈАВНИ ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАРКИРАЊЕ- ЗОНИ*

| *РЕД. БР.* | *ЈАВНА ПОВРШИНА НАМЕНЕТА ЗА ПАРКИРАЊЕ* | *ЛОКАЦИЈА (ПО ПРОЕКТ)/ тех. бр.* | *ЗОНА* | *ПОВРШИНА $m^2$* | *БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА+ЛПП (ВКУПНО)* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 |
| | ***ПРВА ЦРВЕНА ЗОНА (А)*** | *ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- **2 ЧАСА/*** | | *ЦЕНА НА УСЛУГА **45 ДЕН./ ЧАС*** | |
| 1 | Агромеханика | бул. ВМРО | ***А1*** | 825 $m^2$ | 28+1 (29) |
| 2 | Даме Груев 1 | ул. Даме Груев 6б | ***А3*** | 1.624 $m^2$ | 51 + 2 (52) |
| 3 | Даме Груев 2 | ул. Даме Груев 6б | ***А4*** | 4.345 $m^2$ | 82+3 (85) |
| 4 | Орце Николов (мал ринг) | ул. Орце Николов бб | ***А5*** | 1.183 $m^2$ | 38+1 (39) |
| 5 | Максим Горки | ул. Максим Горки бб | ***А6*** | 1.640 $m^2$ | 86+3 (89) |
| 6 | Камен Мост | Црвена Скопска Општина бб | ***А8*** | 1.920 $m^2$ | 146+5+7 такси (158) |
| | ***ВТОРА ЖОЛТА ЗОНА (В)*** | *ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- **4 ЧАСА/*** | | *ЦЕНА НА УСЛУГА **35 ДЕН./ ЧАС*** | |
| 7 | М.Х. Јасмин- Бристол 1 | бул. Св.Кирил и Методиј бб | ***В2*** | 2.435 $m^2$ | 57 |
| 8 | М.Х. Јасмин- Бристол 2 | бул. Св.Кирил и Методиј бб | ***В3*** | 408 $m^2$ | 44+2 (46) |
| 9 | Гимназија Јосип Броз Тито | ул. Димитрија Чуповски тех.бр.7 | ***В6*** | 390 $m^2$ | 25+1(26) |
| 10 | Илинден | ул. Стив Наумов бб | ***В7*** | 924 $m^2$ | 74+3 (77) |
| | ***ТРЕТА ЗЕЛЕНА ЗОНА (С)*** | *ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- **6 ЧАСА/*** | | *ЦЕНА НА УСЛУГА **25 ДЕН./ ЧАС*** | |
| 11 | Коста Шахов (зад Кузман Студентски дом) | ул. Коста Шахов бб тех. бр.224 | ***С8*** | 350 $m^2$ | 7 |
| 12 | Дебарца, Никола Тримпаре, Коста Шахов (кај Методистичка Црква) | ул. Дебарца бб, ул. Н. Тримпаре бб и ул. Коста Шахов бб | ***С9*** | 450 $m^2$ | 21 |
| 13 | Орце Николов (Дебар Маало) | ул. Орце Николов бб | ***С11*** | 1.375 $m^2$ | 111+1 (112) |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Ѓуро Ѓаковиќ (Дебар Маало) | ул. Ѓуро Ѓаковиќ бб | ***C15*** | 800 $m^2$ | 64 |
| 15 | Ленинова (Дебар Маало) | ул. Аминта Трети бб | ***C17*** | 522,5 $m^2$ | 38 |
| 16 | Универзална Сала | ул. Костурски херои 280 | ***C19*** | 985 $m^2$ | 25+1 (26) |
| 17 | Транспортен Центар (до Депо на Сектор Пајак) | ул. Борис Кидрич, ул. Беласица, ул. 23 Октомври и Пошта- ул. Никола Карев | ***C33*** | 1.152$m^2$ | 125+5+6 такси (136)/ 168+4 (172) **(308)** |
| 18 | Транспортен Центар | ул. Никола Карев кај Депо Пајак | ***C35*** | 4.751$m^2$ | 51+2 (53) |
| 19 | Комплекс Објекти: Судска Палата, *МАНУ, МТВ* | ул. Кеј Димитар Влахов | ***C45*** | 4870 $m^2$ | 370+10 (380) |
| 20 | Кеј Димитар Влахов | ул. Кеј Димитар Влахов | ***C46*** | 9216$m^2$ | 193 |
| 21 | *ЗОО* | бул. Илинден бб | ***C80*** | 3713$m^2$ | 101+3+ 5 такси (109) |
| 22 | Собрание на Град Скопје | бул. Илинден бб | ***C81*** | 4015$m^2$ | 127+4 (131) |
| | ***ЧЕТВРТА БЕЛА ЗОНА (D)*** | *ВРЕМЕНСКО ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПАРКИРАЊЕ- **НЕМА ОГРАНИЧУВАЊЕ/*** | | | *ЦЕНА НА УСЛУГА **25 ДЕН./ ЧАС*** |
| 23 | Хотел Русија | бул. АСНОМ | ***D1*** | 1330 $m^2$ | 30+1 (31) |
| 24 | ТЦ Бисер | бул. Јане Сандански 1455 | ***D3*** | 16.875$m^2$ | 1346+12 (1358) |
| 25 | Веро (Рударски Институт) | бул. Јане Сандански 1455 | ***D4*** | 9.375 $m^2$ | 717 + 10 (727) |
| 26 | Палма Аеродром | бул. Јане Сандански 670 | ***D6*** | 5067 $m^2$ | 110+3 (113) |
| 27 | Владимир Комаров | ул. 23 Октомври | ***D5*** | 5720 $m^2$ | 112+4 (116) |
| 28 | Аеродром- Глорија (зелени згради) | бул. Јане Сандански 1455 | ***D7*** | 17050$m^2$ +1018 $m^2$ | 593+20+ анекс 43+4 (660) |
| 29 | Бојмија | ул. Бојмија | ***D8*** | 1724 $m^2$ | 61+2 (63) |
| 30 | Градска Болница „8 Септември“ | ул. Бледски Договор | ***D40*** | 3460 $m^2$ | 63+2 (65) |
| 31 | Тениски клуб ***АБЦ*** | бул. Илинден бб | ***D62*** | 1440 $m^2$ | 32+1+5 такси (38) |
| | | | ***СЀВКУПНО:*** | **110.952 $m^2$** | **5271** |

Бројот на паркинг места кај јавните површини наменети за паркрање во 2016 наспроти 2015 година се разликува за 172 паркинг места повеќе во 2016 година како резултат на промената на режимот на паркирање од затворен во отворен систем на паркирање односно трансформација на паркиралиштето „Транспортен центар“ во подзона Ц33[2].

Бројот на паркинг места кои јавното претпријатие ги има ставено во употреба за користење на граѓаните на главниот град во текот на 2016 година е ист со бројот на паркинг места од 2015 година.

[2] Во месец Април 2015 година отворена е зона Д1 со капацитет од 31 паркинг место. Зоната се наоѓа на бул. „АСНОМ“ во непосредна близина на Хотел Русија со површина од 1330$m^2$.
Комплетно затворање на зона А7 чиј капацитетот, најпрвин, во 2013 година изнесуваше 55 паркинг места по што бројот се намали на 19 паркинг места во текот на 2014 година за да 2015 година комплетно се затвори заради изградба на Плоштад ВМРО.
Заради одвивање на градежни работи во непосредна близина на Црква Св. Богородица на ул. „Кеј Димитар Влахов“ имаме намалување на капацитетот на зона Ц46 за 62 паркинг места.

# ПАРКИНГ ПОВРШИНИ КОИ ПРЕТПРИЈАТИЕТО ПЛАНИРА ДА ГИ ОСПОСОБИ ВО 2017 ГОДИНА

Во 2017 година, Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг-Скопје планира да уреди и оспособи дополнителни паркинг места.

Во Програмата за 2017та година претпријатието предвидува бројот на паркинг места кај зонски организираните јавни површини наменети за паркирање да се зголеми за околу 1500 од кои за 452 паркинг места веќе има изработени сообраќајни проекти. За дел од субзоните, наведени во прегледот што следи, не е изработен сообраќаен проект оттука и не сме во можност да дадеме точен број на паркинг места кои би биле ставени во употреба во текот на 2017 година.

***ПРЕДВИДЕНИ ЈАВНИ ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАРКИРАЊЕ- ЗОНИ ЗА 2017 ГОДИНА***

| РЕД. БР. | ЈАВНА ПОВРШИНА НАМЕНЕТА ЗА ПАРКИРАЊЕ | ЛОКАЦИЈА/ УЛИЦА | ЗОНА | БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | ТРЕТА ЗЕЛЕНА ЗОНА (C) | | |
| 1 | Дебар Маало | ул. Иван Милутиновиќ | **C7** | 31 |
| 2 | Дебар Маало | ул. Мирослав Крлежа | **C10** | 2 |
| 3 | Дебар Маало | ул. Антоние Груптишич | **C12** | 19 |
| 4 | Дебар Маало | ул. Михаил Цонков | **C13** | 48 |
| 5 | Дебар Маало | Дебар Маало | **C14** | 11 |
| 6 | Дебар Маало | Кружен тек | **C16** | 20 |
| 7 | Дебар Маало | ул. Пиринска | **C18** | 17 |
| | | | ВКУПНО: | **148** |
| | | ЧЕТВРТА БЕЛА ЗОНА (D) | | |
| 8 | Автокоманда | ул. Индустриска | **D20** | 304 |
| 9 | Кисела Вода | ул. Антон Попов | **D140** | - |
| 10 | Кисела Вода | ул. Емил Зола | **D141** | - |
| 11 | Кисела Вода | ул. Иван Козаров | **D142** | - |
| 12 | Кисела Вода | ул. Вера Јоциќ | **D143** | - |
| 13 | Карпош 1 | ул. Мирка Гинова | **D40- D59** | - |
| 14 | Карпош 1 | ул. Иван Аговски | **D40- D59** | - |
| 15 | Карпош 1 | ул. Гиго Михајловски | **D40- D59** | - |
| 16 | Карпош 3 Лептокарија | | **D70- D79** | - |
| | | | ВКУПНО: | **304** |

За погоре наведените, табеларно претставени, јавни површини наменети за паркирање кои Претпријатието планира да ги уреди и оспособи за организиран сообраќај во мирување во текот на 2017 година, од точка 9 до точка 16, потребно е најпрвин да се изработи Сообраќајно- техничко решение- Проект за регулирање на сообраќајот и истиот да ја помине постапката пред надлежните органи: Сектор Сообраќај на Град Скопје и Министерство за внатрешни работи, кои врз основа на изработениот сообраќаен проект издаваат „Решение за утврдување режим на сообраќај“ за секоја паркинг површина која Претпријатието ја организира и стопанисува. Оттука, за овие јавни површини наменети за паркирање немаме наведено точен број на паркинг места.

| | ЗОНА | ПРОСТОРЕН ОПФАТ |
|---|---|---|
| ТРЕТА ЗЕЛЕНА С ЗОНА | C1- C10 | позади Универзална Сала |
| | C11- C19 | Дебар Маало |
| | C20- C29 | Капиштец и Центар до Стара рампа (Општина Кисела Вода) |
| | C30- C39 | од Стара рампа (Општина Кисела Вода) до бул. „Кузман Јосифовски Питу“, вклучувајќи го и Транспортен Центар |
| | C40- C49 | се граничи со: бул. „Кузман Јосифовски Питу“, ул. „Беласица“, ул. „Штипска“ и бул. „Крсте Мисирков“ |
| | C50- C59 | се граничи со: ул. „Штипска“, „Беласица“, бул. „Александар Македонски“ и бул. „Кузман Јосифовски Питу“ |
| | C60- C79 | Мавровка, Битпазар, Т.Чаршија, Кале |
| | C80- C89 | Природно Научен Музеј, Градски Парк (до Влада, на десно) |

| | ЗОНА | ПРОСТОРЕН ОПФАТ |
|---|---|---|
| ЧЕТВРТА БЕЛА D ЗОНА | D1- D9 | Општина Аеродром (Аеродром) |
| | D10- D19 | Општина Аеродром (Ново Лисиче) |
| | D20- D39 | Автокоманда |
| | D40- D59 | Карпош 1 |
| | D60- D69 | Карпош 2 |
| | D70- D79 | Карпош 3 |
| | D80- D89 | Карпош 4 |
| | D90- D99 | Влае |
| | D100- D119 | Ѓорче Петров |
| | D120- D139 | Водно |
| | D140- D149 | Кисела вода |

## *ЗАКЛУЧОК*

Бројот на паркинг места со кои стопанисува кои јавното претпријатие и ги има ставено во употреба за користење на граѓаните на главниот град во 2016 година нема измени во однос на претходната, 2015 година.

Во тек на 2017 година Претпријатието планира да се уредат дополнително околу 1500 места за паркирање.

# 3. ВРАБОТЕНИ

## *3.1 БРОЈ, СТАРОСНА И КВАЛИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ*

Вкупниот број вработени во ЈП Градски Паркинг- Скопје на ден 31.12.2016 година, согласно кадровската евиденција, изнесува 237.

| | |
|---|---|
| Состојба на 01.01.2016 година | 240 |
| Вработени во 2016 година | + 1 |
| Заминати | - 4 |
| Состојба на 31.12.2016 година | 237 |

Состојбата на вработени преку Агенција за времени вработувања на ден 31.12.2016 година изнесува 8 лица.

Во текот на 2016 година во претпријатието е вработено/ вратено назад на работа едно лице во Сектор Јавни паркиралишта заради прекин на инвалидска пензија. На 4 (четири) лица им е прекинат работниот однос во претпријатието по следните основи: пензија (2 лица), отказ (1 лице ) и мирување ( 1 лице ). Како резултат на горе изнесеното може да се согледа дека во претпријатието, бројот на вработени во текот на 2016 година се намалил за 3 (три) лица.

Бројот на вработени преку Агенција за времени вработувања е зголемен за 4 лица во споредба со 2015 година од кои 3 (три) лица се ангажирани во Сектор Јавни паркиралишта а 1 (едно) лице е ангажирано во Сектор Пајак.

Во прилог даваме табели, споредбени показатели, за бројот на вработени по сектори и одделенија за 2016 и 2015 година како и податоци за старосната и квалификациска структура на вработените.

Се забележува дека најголем дел од вработените односно, 135 лица се во Сектор Јавни паркиралишта, следи Сектор Пајак со 45 вработен, потоа Одделение за грижа за корисници- 18 лица, Сектор за финансии, сметководствени работи и јавни набавки- 10 вработени, Сектор за правно- административни работи и човечки ресурси- 9 вработени, Сектор за комерција и маркетинг- 8 вработени, Кабинет на Директор- 6 вработени, 4 вработени во Одделение за внатрешна ревизија и контрола и по 1 вработен во Одделение за човечки ресурси и Одделение за јавни набавки. Доколку се споредат податоците од двете години (2015 и 2016) во рамки на прегледите може да се забележи одредена флуктуација на вработените во рамки на одделни сектори односно, одделенија што е резултат на измените во организациската структура во Претпријатието како и промени во систематизацијата на работните места.

## *БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ, СПОРЕДБЕНО 2016 НАСПРОТИ 2015 ГОДИНА*

| *РЕД. БР.* | *ОПИС* | *БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2015* | *БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2016* | *+/-* | *ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИ 2015* | *ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИ 2016* | *+/-* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Кабинет на Директор | 6 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Одделение за внатрешна контрола | 4 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Одделение за внатрешна ревизија | 1 | 0 | -1 | | | |
| 4 | Одделение за човечки ресурски | 0 | 1 | +1 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | Сектор паркинзи | 136 | 135 | -3/+2 | 3 | 6 | +3 |
| 6 | Одделение за грижа за корисници | 18 | 18 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 7 | Пајак Сектор | 46 | 45 | -1 | 0 | 1 | +1 |
| 8 | Сектор за правно-адм.работи и човечки ресурсии | 10 | 9 | -1 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Сектор за финансии,сметк-во и јавни набвави | 10 | 10 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Одделение за јавни набавки | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Сектор за комерција и маркетинг | 8 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **Вкупно вработени:** | **240** | **237** | **-3** | **4** | **8** | **+4** |

## *ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ ВО 2016 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2016 | ПРИВРЕМЕНО ВРАБОТЕНИ 2016 | ВКУПНО ВРАБОТЕНИ ПО СЕКТОРИ/ОДДЕЛЕНИЈА |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кабинет на Директор | 6 | 0 | 6 |
| 2 | Одделение за внатрешна контрола | 4 | 0 | 4 |
| 3 | Одделение за човечки ресурси | 1 | 0 | 1 |
| 4 | Сектор паркинзи | 135 | 6 | 141 |
| 5 | Одделение за грижа за корисници | 18 | 1 | 19 |
| 6 | Пајак Сектор | 45 | 1 | 46 |
| 7 | Сектор за правно-адм.работи и човечки ресурсии | 9 | 0 | 9 |
| 8 | Секторза финансии,сметк-во и јавни набвави | 10 | 0 | 10 |
| 9 | Одделение за јавни набавки | 1 | 0 | 1 |
| 10 | Сектор за комерција и маркетинг | 8 | 0 | 8 |
| | **Вкупно вработени:** | **237** | **8** | **245** |

## *ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИ СПОРЕД СТАРОСНА СТРУКТУРА ЗА 2016 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2016 |
|---|---|---|
| 1 | од 20 до 24 години | 2 |
| 2 | 25-29 | 21 |
| 3 | 30-34 | 36 |
| 4 | 35-39 | 34 |
| 5 | 40-44 | 41 |
| 6 | 45-49 | 36 |
| 7 | 50-54 | 30 |
| 8 | 55-59 | 19 |
| 9 | 60-64 | 18 |
| | **Вкупно:** | **237** |

## *ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИ СПОРЕД КВАЛИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА ВО 2016 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ 2016 |
|---|---|---|
| 1 | основно образование | 4 |
| 2 | ССС | 188 |
| 3 | ВШС | 4 |
| 4 | ВСС | 36 |
| 5 | Магистер | 5 |
| | **Вкупно:** | **237** |

# 4. ФИЗИЧКИ И ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во 2016 година претпријатието оствари загуба во работењето на износ 8.242.740,00 денари како резултат на разликата помеѓу приходите на износ 155.556.050,00 денари и вкупните расходи на износ 163.798.790,00 денари.

## *4.1 БИЛАНС НА УСПЕХ*

Споредбен преглед на приходите и расходите на Билансот на успех за 2016 и 2015 година:

| *РЕД. БР.* | *ОПИС* | *2016 ГОДИНА* | *2015 ГОДИНА* | *РАЗЛИКА* | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| ***1.*** | ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** | **155.556.050,00** | **163.881.097,00** | **8.325.047,00** | **0,95** |
| ***1.1*** | *ПРИХОДИ ОД ЗАТВОРЕНИ ПАРКИРАЛИШТА* | 51.227.996,00 | 46.707.707,00 | 4.520.289,00 | 1,10 |
| ***1.2*** | *ПРИХОДИ ОД ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ* | 66.326.470,00 | 64.677.664,00 | 1.648.806,00 | 1,03 |
| ***1.3*** | *ПРИХОДИ ОД КАТНА ГАРАЖА* | 13.588.454,00 | 7.895.727,00 | 5.692.727,00 | 1.72 |
| ***1.4*** | *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК* | 20.810.051,00 | 27.050.522,00 | -6.240.471,00 | 0,77 |
| ***1.5*** | *ПРИХОДИ ОД ВЕЛОСИПЕДИ* | 19.970,00 | 13.178,00 | 6.792,00 | 1,52 |
| ***1.6*** | *ПРИХОДИ ОД ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ* | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| ***1.7*** | *ПРИХОДИ ОД ЕЛЕКТРОМОБИЛИ* | 52.119,00 | 49.704,00 | 2.415,00 | 1,05 |
| ***1.8*** | *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ* | 3.309.009,00 | 17.354.110,00 | -14.045.101,00 | 0,19 |
| ***1.9*** | *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ* | 221.981,00 | 132.485,00 | 89.496,00 | 1,68 |
| | | | | | |
| ***2.*** | ***ВКУПНО РАСХОДИ*** | **163.798.790,00** | **158.108.662,00** | **5.690.128,00** | **1,04** |
| ***2.1*** | *ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ* | 11.386.160,00 | 11.044.659,00 | 341.501,00 | 1,03 |
| ***2.2*** | *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ* | 32.205.664,00 | 26.720.741,00 | 5.484.923,00 | 1,21 |
| ***2.3*** | *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДР. ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ* | 102.849.349,00 | 103.714.204,00 | -904,855,00 | 0,99 |
| ***2.4*** | *ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА* | 10.774.437,00 | 9.810.434,00 | 964,003,00 | 1,10 |
| ***2.5*** | *ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ* | 6.479.897,00 | 6.535.881,00 | -55.984,00 | 0,99 |
| ***2.6*** | *ВРЕДН. УСОГЛАС. НА ТЕКОВНИ И НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА* | 72.592,00 | 0,00 | -72.592,00 | - |
| ***2.7*** | *ОСТАНАТИ РАСХОДИ* | 44.483,00 | 254.141,00 | -209.658,00 | 0,18 |
| ***2.8*** | *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ* | 26.208,00 | 28.602,00 | -2.394,00 | 0,92 |
| | | | | | |
| ***3.*** | ***ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*** | **-8.242.740,00** | **5.772.435,00** | - | - |
| ***4.*** | ***ДАНОК НА ДОБИВКА*** | **0,00** | **525.192,00** | - | - |
| ***5.*** | ***ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ПО ОДАНОЧУВАЊЕ*** | **-8.242.740,00** | **5.247.243,00** | - | - |

# ПРИХОДИ

Во 2016 година ЈП Градски паркинг- Скопје остварува приходи во вкупен износ од 155.556.050,00 денари и тоа:

| | |
|---|---|
| • Паркирање | 131.142.920,00 ден. |
| • Сектор Пајак | 20.810.051,00 ден. |
| • Велосипеди | 19.970,00 ден. |
| • Електровелосипеди | 0,00 ден. |
| • Електромобили | 52.119,00 ден. |
| • Останати приходи | 3.309.009,00 ден. |
| • Финансиски приходи | 221.981,00 ден. |

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Приходите од Сектор Јавни Паркиралишта изнесуваат 131.142.920,00 денари и произлегуваат од:

| | |
|---|---|
| • Приходи од затворени паркиралишта | 51.227.996,00 ден. |
| • Приходи од зонско паркирање | 66.326.470,00 ден. |
| • Приходи од катна гаража „Македонска Фаланга" | 5.339.219,00 ден. |
| • Приходи од катна гаража „Тодор Александров" | 8.249.235,00 ден. |

Овие приходи во 2015 година изнесувале 119.281.098,00 денари односно:

| | |
|---|---|
| • Приходи од затворени паркиралишта | 46.707.707,00 ден. |
| • Приходи од зонско паркирање | 64.677.664,00 ден. |
| • Приходи од катна гаража „Македонска Фаланга" | 7.073.841,00 ден |
| • Приходи од катна гаража „Македонска Фаланга" | 821.886,00 ден |

Во споредба со истиот период од минатата година приходот кај Сектор Јавни паркиралишта покажува зголемување од околу 9,94 % или во апсолутен износ бележиме пораст за 11.861.822,00 денари.

Во рамките на пооделните категории приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се забележува следната состојба:

Кај затворените паркиралишта бележиме пораст на прометот за 4.520.289,00 денари или за 9,68% .

Во прилог даваме преглед на приходи од „затворени" јавни паркиралишта по пооделни паркиралишта за 2016 и 2015 година.

## *ПРИХОДИ ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ ПО ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ЗА 2016 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2015 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Ред. бр. | *ПАРКИРАЛИШТЕ* | 2016 | 2015 | + / - | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоил | 1.850.018,00 | 1.963.504,00 | -113.486,00 | 0,94 |
| 2 | Треска | 3.016.959,00 | 3.044.195,00 | -27.236,00 | 0,99 |
| 3 | Кочо Рацин | 874.158,00 | 946.843,00 | -72.685,00 | 0,92 |
| 4 | Градска Болница | 3.799.980,00 | 3.627.618,00 | 172.362,00 | 1,05 |
| 5 | Нова Македонија | 1.570.501,00 | 1.365.542,00 | 204.959,00 | 1,15 |
| 6 | АМСМ | 632.484,00 | 554.722,00 | 77.762,00 | 1,14 |
| 7 | Тутунски комбинат | 541.987,00 | 418.299,00 | 123.688,00 | 1,30 |
| 8 | Народен фронт | 626.708,00 | 584.896,00 | 41.812,00 | 1,07 |
| 9 | Транспортен Центар 1 | 42.331,00 | 95.442,00 | -53.111,00 | 0,44 |
| 10 | 8-ми Септември | 1.865.723,00 | 1.888.104,00 | -22.381,00 | 0,99 |
| 11 | Клинички центар | 25.039.837,00 | 21.382.118,00 | 3.657.719,00 | 1,17 |
| | **Вкупно:** | **39.860.686,00** | **35.871.283,00** | **3.989.403,00** | **1,11** |

## *ПРИХОДИ ОД ПРЕТПЛАТИ ПО ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ЗА 2016 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2015 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Ред. бр. | *ПАРКИРАЛИШТЕ* | 2016 | 2015 | + / - | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зоил | 1.600.234,00 | 645.473,00 | 954.761,00 | 2,48 |
| 2 | Треска | 174.985,00 | 169.423,00 | 5.562,00 | 1,03 |
| 3 | Кочо Рацин | 263.876,00 | 338.112,00 | -74.236,00 | 0,78 |
| 4 | Градска Болница | 962.472,00 | 1.031.495,00 | -69.023,00 | 0,93 |
| 5 | Нова Македонија | 1.481.785,00 | 1.608.448,00 | -126.663,00 | 0,92 |
| 6 | АМСМ | 711.062,00 | 676.732,00 | 34.330,00 | 1,05 |
| 7 | Тутунски комбинат | 182.780,00 | 194.124,00 | -11.344,00 | 0,94 |
| 8 | Народен фронт | 82.116,00 | 72.504,00 | 9.612,00 | 1,13 |
| 9 | Транспортен Центар 1 | 80.512,00 | 372.567,00 | -292.055,00 | 0,22 |
| 10 | 8-ми Септември | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 11 | Клинички центар | 4.093.886,00 | 4.161.670,00 | -67.784,00 | 0,98 |
| 12 | Општо паркинзи | 1.733.602,00 | 1.565.876,00 | 167.726,00 | 1,11 |
| | **Вкупно** | **11.367.310,00** | **10.836.424,00** | **530.886,00** | **1,05** |

*ПРИХОДИ ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ И ПРЕТПЛАТИ ПО ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ЗА 2016 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2015 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Ред. бр. | *ПАРКИРАЛИШТЕ* | 2016 | 2015 | + / - | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | Зоил | 3.450.252,00 | 2.608.977,00 | 841.275,00 | 1,32 |
| *2* | Треска | 3.191.944,00 | 3.213.618,00 | -21.674,00 | 0,99 |
| *3* | Кочо Рацин | 1.138.034,00 | 1.284.955,00 | -146.921,00 | 0,89 |
| *4* | Градска Болница | 4.762.452,00 | 4.659.113,00 | 103.339,00 | 1,02 |
| *5* | Нова Македонија | 3.052.286,00 | 2.973.990,00 | 78.296,00 | 1,03 |
| *6* | АМСМ | 1.343.546,00 | 1.231.454,00 | 112.092,00 | 1,09 |
| *7* | Тутунски комбинат | 724.767,00 | 612.423,00 | 112.344,00 | 1,18 |
| *8* | Народен фронт | 708.824,00 | 657.400,00 | 51.424,00 | 1,08 |
| *9* | Транспортен Центар 1 | 122.843,00 | 468.009,00 | - | - |
| *10* | 8-ми Септември | 1.865.723,00 | 1.888.104,00 | -22.381,00 | 0,99 |
| *11* | Клинички центар | 29.133.723,00 | 25.543.788,00 | 3.589.935,00 | 1,14 |
| *12* | Општо паркинзи | 1.733.602,00 | 1.565.876,00 | 167.726,00 | 1,11 |
| | **Вкупно** | **51.227.996,00** | **46.707.707,00** | **4.520.289,00** | **1,10** |

Во рамките на пооделни паркиралишта бележиме варирање на износот на дневниот промет. Генерално се забележува дека поголеми приходи остваруваат јавните паркиралишта Зоил, Градска болница, Дом на печат, АМСМ, Тутунски комбинат, Народен фронт и Клинички Центар, додека пак јавни паркиралишта кај кои бележиме пад на прометот се: Треска, Кочо Рацин, и ГОБ 8-ми Септември.

Сметаме дека врз варирање на приходите влијание имаат повеќе фактори:

- Бесплатното паркирање кај категоријата корисник „ станар",
- Намалување на цената на претплатата кај ЛПП (лица со посебни потреби),
- Конкурентски претпријатија кои се занимаваат со стопанисување со паркинг простор во градот,
- И други објективни околности (градежни активности на паркиралиштата, застареност на паркинг системите, укинување на трета смена на дел од паркиралиштата итн.)

## *ПРОСЕЧЕН БРОЈ ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ СПОРЕД КАТЕГОРИЈА КОРИСНИК НА „ЗАТВОРЕНИТЕ" ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| *ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ* | *ЖИТЕЛ 1 И 2 ВОЗИЛО* | *ВРАБОТЕН КАЈ ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *ФИЗИЧКИ ЛИЦА* | *ЖИТЕЛ СО СЛУЖБЕНО ВОЗИЛО* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Градска Болница** | 158 | 67 | 14 | 0 | 2 | 241 |
| **Кочо Рацин** | 276 | 5 | 3 | 1 | 5 | 290 |
| **Народен фронт** | 177 | 0 | 1 | 1 | 4 | 183 |
| **Дом на печат** | 0 | 115 | 36 | 2 | 0 | 153 |
| **Треска** | 165 | 7 | 1 | 1 | 3 | 177 |
| **АМСМ** | 3 | 93 | 2 | 2 | 0 | 100 |
| **Транспртен Центар** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Зоил** | 31 | 78 | 44 | 0 | 0 | 153 |
| **Тутунски комбинат** | 4 | 0 | 12 | 18 | 0 | 34 |
| **Клинички Центар** | 18 | 1405 | 5 | 1 | 0 | 1429 |
| **Катна гаража Македонска Фаланга** | 0 | 309 | 52 | 3 | 0 | 364 |
| **Катна гаража Тодор Александров** | 0 | 399 | 130 | 10 | 0 | 539 |
| ***СЕВКУПНО:*** | **832** | **2478** | **300** | **39** | **14** | **3663** |

# *ПРИХОДИ ОД ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ*

## *ПРИХОДИ ПО ОСНОВ ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ ВО 2016 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2015 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| *РЕД. БР.* | *ПРИХОДИ ОД ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ* | *2016 ГОДИНА* | *2015 ГОДИНА* | *+ / -* | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| *1* | Месечни претплати | 6.183.377,00 | 7.120.130,00 | -936.753.00 | 0,87 |
| *2* | Греб картички | 687.549,00 | 643.594,00 | 43.955,00 | 1,07 |
| *3* | СМС Паркирање | 52.825.399,00 | 49.586.302,00 | 3.239.097,00 | 1,07 |
| *4* | Доплатни карти | 6.630.146,00 | 7.327.638,00 | -697.492,00 | 0,90 |
| | ***ВКУПНО:*** | **66.326.470** | **64.677.664,00** | **1.648.806,00** | **1,03** |

Кај зонското паркирање, доколку ги анализираме вкупните бројки, регистрираме пораст на приходот за 2,55 % односно за 1.648.806,00 денари во споредба со минатата година.

Меѓутоа, во рамките на структуктурата на приходите од зонско паркирање се забележува дека имаме пораст на приходите остварен по пат на смс паркирање како и по пат на продажба на грепки. Пад на приходите во споредба со ланската година бележиме по основ на приходи од издавање на казнени билети односно, доплатни карти како и на приходот од претплати за паркирање.

Како причини за ваквите движења ќе ги наведеме следните:

- укинувањето на станарските претплати има значително голема улога врз намалување на прометот посебно ако се земе во предвид фактот дека на месечно ниво се издаваат над 7.000 дозволи за станари на зонско паркирање;
- согласно интерните политики на претпријатето се води сметка превентивно да се делува на корисниците на зонското паркирање навреме да ја платат услугата за паркинг со цел избегнување на можноста да бидат изложени на плаќање на доплатни карти како казнена мерка за неплатен паркинг
- градежните активности во централното градско подрачје но, и оние што се вршат на самите јавни паркиралишта исто така, влијаат врз намалување на капацитетот на паркиралиштата а со тоа и врз намалување на износот на приходите.

## *ИЗДАДЕНИ БЕСПЛАТНИ ДОЗВОЛИ НА КАТЕГОРИЈА „СТАНАР" ПО МЕСЕЦИ*

| *МЕСЕЦ* | *ЗОНСКО ЦЕНТАР ПРВО ВОЗИЛО* | *ЗОНСКО АЕРОДРОМ* | *ЗАТВОРЕНИ ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| ***ЈАНУАРИ*** | 1.302 | 5.838 | 810 | 7.950 |
| ***ФЕВРУАРИ*** | 1.310 | 5.853 | 812 | 7.975 |
| ***МАРТ*** | 1.316 | 5.847 | 815 | 7.978 |
| ***АПРИЛ*** | 1.315 | 5.873 | 814 | 8.002 |
| ***МАЈ*** | 1.313 | 5.868 | 817 | 7.998 |
| ***ЈУНИ*** | 1.334 | 5.941 | 824 | 8.099 |
| ***ЈУЛИ*** | 1.453 | 5.939 | 824 | 8.216 |
| ***АВГУСТ*** | 1.465 | 5.933 | 663 | 8.061 |
| ***СЕПТЕМВРИ*** | 1.459 | 5.967 | 665 | 8.091 |
| ***ОКТОМВРИ*** | 1.477 | 6.001 | 668 | 8.146 |
| ***НОЕМВРИ*** | 1.483 | 6.016 | 671 | 8.170 |
| ***ДЕКЕМВРИ*** | 1.494 | 6.033 | 671 | 8.198 |
| ***ВКУПНО:*** | 16.721 | 71.109 | 9.054 | 96.884 |

## *ВРЕДНОСТ НА БЕСПЛАТНО ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА КАТЕГОРИЈА „СТАНАР" ЗА 2016 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

Вредноста на бесплатното паркирање за категоријата корисник „станар" за претпријатието, на годишно ниво, значи промет во висина од 13.868.750,00 денари односно изгубен приход од околу 10.834.961.,00 и воедно трошок за *ДДВ* во износ од 1.950.293,00 денари.

| МЕСЕЦ | ЗОНСКО ЦЕНТАР | ЗОНСКО АЕРОДРОМ | ЗАТВОРЕНИ ПАРКИРАЛИШТА | ВКУПНО | ОСНОВИЦА ЗА ДДВ | ТРОШОК ЗА ДДВ 4471 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 195.300 | 810.300 | 121.500 | 1.127.100 | 880.547 | 158.498 |
| **ФЕВРУАРИ** | 196.500 | 814.800 | 121.800 | 1.133.100 | 885.234 | 159.342 |
| **МАРТ** | 197.400 | 814.700 | 122.250 | 1.134.350 | 886.211 | 159.518 |
| **АПРИЛ** | 197.250 | 820300 | 122100 | 1.139.650 | 890.352 | 160.263 |
| **МАЈ** | 196.950 | 822.400 | 122.550 | 1.141.900 | 892.109 | 160.580 |
| **ЈУНИ** | 200.100 | 836.400 | 123.600 | 1.160.100 | 906.328 | 163.139 |
| **ЈУЛИ** | 217.950 | 836.600 | 123.600 | 1.178.150 | 920.430 | 165.677 |
| **АВГУСТ** | 219.750 | 837.000 | 99.450 | 1.156.200 | 903.281 | 162.591 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 218.850 | 843.700 | 99.750 | 1.162.300 | 908.047 | 163.448 |
| **ОКТОМВРИ** | 221.550 | 852.100 | 100.200 | 1.173.850 | 917.070 | 165.073 |
| **НОЕМВРИ** | 222.450 | 854.800 | 100.650 | 1.177.900 | 920.234 | 165.642 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 224.100 | 859.400 | 100.650 | 1.184.150 | 925.117 | 166.521 |
| **ВКУПНО:** | **2.508.150** | **10.002.500** | **1.358.100** | **13.868.750** | **10.834.961** | **1.950.293** |

## *ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ПО ЗОНИ И МЕСЕЦИ ЗА 2015 ГОДИНА*

Во продолжение на извештајот ја прикажуваме бројката на регистрирани корисници на зонско паркирање по месеци и по зони преку бројот на издадени дозволи за паркирање.

| ЗОНА А | „СТАНАР" 1 И 2 ВОЗИЛО | СТАНАР Службено возило | Вработен кај правен субјект | ПРАВЕН СУБЈЕКТ | Резервирани паркинг места | Годишни дозволи | Месечни дозволи | ГОСТИНСКА КАРТА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| **ЈАНУАРИ** | 388 | 22 | 40 | 5 | 1 | 3 | 2 | 5 | 466 |
| **ФЕВРУАРИ** | 403 | 24 | 38 | 5 | 2 | 0 | 2 | 9 | 483 |
| **МАРТ** | 549 | 21 | 36 | 5 | 1 | 2 | 3 | 2 | 619 |
| **АПРИЛ** | 545 | 22 | 35 | 5 | 2 | 0 | 1 | 2 | 612 |
| **МАЈ** | 550 | 22 | 35 | 5 | 2 | 0 | 1 | 16 | 631 |
| **ЈУНИ** | 549 | 23 | 33 | 5 | 2 | 1 | 1 | 14 | 628 |
| **ЈУЛИ** | 547 | 20 | 30 | 5 | 2 | 0 | 1 | 4 | 609 |
| **АВГУСТ** | 554 | 23 | 23 | 5 | 2 | 0 | 1 | 28 | 636 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 549 | 23 | 24 | 6 | 1 | 0 | 1 | 11 | 615 |
| **ОКТОМВРИ** | 559 | 23 | 23 | 5 | 2 | 0 | 0 | 12 | 624 |
| **НОЕМВРИ** | 554 | 23 | 23 | 6 | 2 | 2 | 1 | 16 | 627 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 558 | 21 | 24 | 6 | 2 | 0 | 0 | 9 | 620 |
| **ВКУПНО:** | 6305 | 267 | 364 | 63 | 21 | 8 | 14 | 128 | **7170** |

| *ЗОНА Б* | *„СТАНАР" 1 И 2 ВОЗИЛО* | *СТАНАР Службено возило* | *Вработен кај правен субјект* | *ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *Резервирани паркинг места* | *Годишни дозволи* | *Месечни дозволи* | *ГОСТИНСКА КАРТА* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 355 | 18 | 10 | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 389 |
| **ФЕВРУАРИ** | 361 | 21 | 12 | 5 | 3 | 0 | 0 | 2 | 404 |
| **МАРТ** | 362 | 19 | 13 | 5 | 3 | 2 | 0 | 2 | 406 |
| **АПРИЛ** | 360 | 21 | 14 | 5 | 0 | 0 | 0 | 2 | 402 |
| **МАЈ** | 363 | 24 | 15 | 5 | 3 | 0 | 0 | 16 | 426 |
| **ЈУНИ** | 360 | 23 | 14 | 5 | 2 | 0 | 0 | 9 | 413 |
| **ЈУЛИ** | 361 | 23 | 10 | 5 | 0 | 0 | 0 | 12 | 411 |
| **АВГУСТ** | 364 | 22 | 11 | 5 | 0 | 0 | 0 | 8 | 410 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 368 | 23 | 14 | 7 | 0 | 0 | 0 | 10 | 422 |
| **ОКТОМВРИ** | 372 | 22 | 12 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 | 410 |
| **НОЕМВРИ** | 368 | 23 | 12 | 4 | 0 | 0 | 0 | 4 | 411 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 371 | 23 | 12 | 3 | 0 | 0 | 0 | 5 | 414 |
| ***ВКУПНО:*** | 4365 | 262 | 149 | 55 | 11 | 2 | 0 | 74 | **4918** |

| *ЗОНА Ц* | *„СТАНАР" 1 И 2 ВОЗИЛО* | *СТАНАР Службено возило* | *Вработен кај правен субјект* | *ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *Резервирани паркинг места* | *Годишни дозволи* | *Месечни дозволи* | *ГОСТИНСКА КАРТА* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 489 | 11 | 49 | 28 | 4 | 0 | 3 | 2 | 586 |
| **ФЕВРУАРИ** | 502 | 12 | 51 | 22 | 4 | 2 | 2 | 1 | 596 |
| **МАРТ** | 504 | 9 | 50 | 33 | 5 | 2 | 2 | 3 | 608 |
| **АПРИЛ** | 503 | 11 | 47 | 30 | 5 | 2 | 3 | 3 | 604 |
| **МАЈ** | 511 | 14 | 49 | 32 | 5 | 2 | 3 | 2 | 618 |
| **ЈУНИ** | 513 | 9 | 44 | 31 | 3 | 1 | 3 | 0 | 604 |
| **ЈУЛИ** | 637 | 9 | 41 | 34 | 1 | 3 | 1 | 2 | 728 |
| **АВГУСТ** | 584 | 13 | 39 | 30 | 4 | 0 | 3 | 0 | 673 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 659 | 17 | 54 | 33 | 3 | 0 | 2 | 0 | 768 |
| **ОКТОМВРИ** | 672 | 24 | 65 | 30 | 3 | 2 | 3 | 6 | 805 |
| **НОЕМВРИ** | 671 | 23 | 64 | 33 | 5 | 10 | 3 | 10 | 819 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 681 | 20 | 62 | 30 | 6 | 3 | 3 | 13 | 818 |
| ***ВКУПНО:*** | 6926 | 172 | 615 | 366 | 48 | 27 | 31 | 42 | **8227** |

| *ЗОНА Д* | *„СТАНАР" 1 И 2 ВОЗИЛО* | *СТАНАР Службено возило* | *Вработен кај правен субјект* | *ПРАВЕН СУБЈЕКТ* | *Резервирани паркинг места* | *Годишни дозволи* | *Месечни дозволи* | *ГОСТИНСКА КАРТА* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЈАНУАРИ** | 5313 | 136 | 47 | 60 | 0 | 3 | 1 | 18 | 5578 |
| **ФЕВРУАРИ** | 5853 | 154 | 58 | 65 | 0 | 3 | 1 | 26 | 6160 |
| **МАРТ** | 5847 | 154 | 54 | 67 | 0 | 3 | 1 | 27 | 6153 |
| **АПРИЛ** | 5873 | 153 | 46 | 76 | 0 | 2 | 1 | 24 | 6175 |
| **МАЈ** | 5868 | 158 | 45 | 80 | 0 | 1 | 1 | 103 | 6256 |
| **ЈУНИ** | 5941 | 170 | 41 | 76 | 0 | 0 | 1 | 76 | 6305 |
| **ЈУЛИ** | 5939 | 168 | 38 | 68 | 0 | 0 | 0 | 69 | 6282 |
| **АВГУСТ** | 5933 | 166 | 38 | 76 | 0 | 0 | 1 | 89 | 6303 |
| **СЕПТЕМВРИ** | 5967 | 175 | 43 | 77 | 0 | 0 | 1 | 90 | 6353 |
| **ОКТОМВРИ** | 6001 | 175 | 41 | 77 | 0 | 0 | 1 | 140 | 6435 |
| **НОЕМВРИ** | 6016 | 174 | 43 | 77 | 0 | 0 | 1 | 128 | 6439 |
| **ДЕКЕМВРИ** | 6033 | 166 | 42 | 79 | 0 | 0 | 1 | 127 | 6448 |
| ***ВКУПНО:*** | 70584 | 1949 | 536 | 878 | 0 | 12 | 11 | 917 | **74887** |

## *ЗБИРЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ПО ЗОНИ ЗА 2015 ГОДИНА*

| ЗОНА | „СТАНАР" 1 И 2 ВОЗИЛО | СТАНАР Службено возило | Вработен кај правен субјект | ПРАВЕН СУБЈЕКТ | Резервирани паркинг места | Годишни дозволи | Месечни дозволи | ГОСТИНСКА КАРТА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| **ЗОНА А** | 6305 | 267 | 364 | 63 | 21 | 8 | 14 | 128 | 7170 |
| **ЗОНА Б** | 4365 | 262 | 149 | 55 | 11 | 2 | 0 | 74 | 4918 |
| **ЗОНА Ц** | 6926 | 172 | 615 | 366 | 48 | 27 | 31 | 42 | 8227 |
| **ЗОНА Д** | 70584 | 1949 | 536 | 878 | 0 | 12 | 11 | 917 | 74887 |
| **ВКУПНО:** | 88180 | 2650 | 1664 | 1362 | 80 | 49 | 56 | 1161 | **95202** |

## *ИЗДАДЕНИ ДОПЛАТНИ КАРТИ ВО 2016 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2015 ГОДИНА*

Корисниците на зонско паркирање кои не извршиле плаќање за услугата паркирање, претпријатието издава доплатна карта. Бројката на издадени доплатни карти по месеци и по зони ги прикажуваме во следната табела:

| РЕД. БР. | МЕСЕЦ | 2016 ГОДИНА | 2015 ГОДИНА | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 1 | **ЈАНУАРИ** | 544 | 645 | -101 | 0,84 |
| 2 | **ФЕВРУАРИ** | 716 | 853 | -137 | 0,84 |
| 3 | **МАРТ** | 763 | 907 | -144 | 0,84 |
| 4 | **АПРИЛ** | 656 | 664 | -8 | 0,99 |
| 5 | **МАЈ** | 561 | 510 | 51 | 1,10 |
| 6 | **ЈУНИ** | 583 | 722 | -139 | 0,81 |
| 7 | **ЈУЛИ** | 697 | 737 | -40 | 0,95 |
| 8 | **АВГУСТ** | 849 | 788 | 61 | 1,08 |
| 9 | **СЕПТЕМВРИ** | 862 | 932 | -70 | 0,92 |
| 10 | **ОКТОМВРИ** | 837 | 754 | 83 | 1,11 |
| 11 | **НОЕМВРИ** | 824 | 798 | 26 | 1,03 |
| 12 | **ДЕКЕМВРИ** | 583 | 806 | -223 | 0,72 |
| | **ВКУПНО:** | **8.475** | **9.116** | -641 | 0,93 |

Претпријатието во континуитет се обидува да ја намали репресивноста во делот на казнување на корисниците на услугата зонско паркирање.

Доколку се споредат показателите од двете години, 2016 наспроти 2015 година, бројот на издадени доплатни карти е намален за 641 во текот на 2016 година.

Секако дека и воведувањето на бесплатно паркирање на дел од категоријата корисници „станар" како и изградената сообраќајна култура кај населението има значајна улога за ваквите показатели.

## *СПОРЕДБЕН ПРЕГЛЕД НА ДОПЛАТНИ БИЛЕТИ ПРИКАЖАН ПО ПОДЗОНИ*

| ПОДЗОНА | 2016 ГОДИНА | 2015 ГОДИНА | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| ЗОНА А | | | | |
| **А1** | **312** | 326 | -14 | 0,96 |
| **А3** | **543** | 552 | -9 | 0,98 |
| **А4** | **382** | 578 | -196 | 0,66 |
| **А5** | **286** | 296 | -10 | 0,97 |
| **А6** | **385** | 423 | -38 | 0,91 |
| **А7** | **0** | 57 | -57 | 0,00 |
| **А8** | **343** | 184 | 159 | 1,86 |
| | | | | |
| ЗОНА Б | | | | |
| **Б2** | **572** | 438 | 134 | 1,31 |
| **Б3** | **205** | 214 | -9 | 0,96 |
| **Б5** | 1 | 0 | 1 | 0,00 |
| **Б6** | **148** | 178 | -30 | 0,83 |
| **Б7** | **461** | 401 | 60 | 1,15 |
| ЗОНА Ц | | | | |
| **Ц8** | 95 | **120** | -25 | 0,79 |
| **Ц9** | 291 | **330** | -39 | 0,88 |
| **Ц11** | 279 | **400** | -121 | 0,70 |
| **Ц15** | 363 | **391** | -28 | 0,93 |
| **Ц17** | 137 | **155** | -18 | 0,88 |
| **Ц19** | 157 | **189** | -32 | 0,83 |
| **Ц33** | 364 | **321** | 43 | 1,13 |
| **Ц35** | 1 | **0** | 1 | 0,00 |
| **Ц45** | 184 | **414** | -230 | 0,44 |
| **Ц46** | 59 | **113** | -54 | 0,52 |
| **Ц81** | 1 | **0** | 1 | 0,00 |
| ЗОНА Д | | | | |
| **Д1** | 0 | 4 | -4 | 0,00 |
| **Д3** | 935 | 1139 | -204 | 0,82 |
| **Д4** | 380 | 364 | 16 | 1,04 |
| **Д5** | 27 | 37 | -10 | 0,73 |
| **Д6** | 290 | 284 | 6 | 1,02 |
| **Д7** | 598 | 566 | 32 | 1,06 |
| **Д8** | 428 | 364 | 64 | 1,18 |
| **Д40** | 248 | 278 | -30 | 0,89 |
| **ВКУПНО:** | **8475** | **9116** | **641** | **0,93** |

## *ПРОМЕТ ОД БИЛЕТИ ЗА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ Т.Н. „ГРЕБ" КАРТИЧКИ*

Табелата што следи ги прикажува податоците од продажба на билети за зонско паркирање, таканаречени „греб картички", согласно зоната на која гласат и времетраењето на паркирање ( 1 час).

| ЗОНА | ЧАСОВИ | 2016 ГОДИНА | 2015 ГОДИНА | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| А | 1 | 12.310 | 11.276 | 1.034 | 1.09 |
| Б | 1 | 1.650 | 2.140 | -490 | 0,77 |
| Ц | 1 | 6.330 | 5.000 | 1.330 | 1.27 |
| Д | 1 | 4.950 | 5.170 | -220 | 0,96 |
| ВКУПНО: | | 25.240 | 23.586 | 1.654 | 1.07 |

Според показателите може да се забележи дека во 2016 година се продадени 1.654 билети повеќе во споредба со 2015 година.

## *БРОЈ НА ПАРКИНГ СЕСИИ ПО МЕСЕЦИ*

Бројот на паркинг сесии во текот на 2016 година е поголем во споредба со 2015 година: разликата изнесува 51.387 паркинг сесии направени по пат на смс паркирање.

Врз вредноста на прометот остварен по пат на смс наплата, влијание има зоната во која е извршена паркинг сесијата: во централното градско подрачје или зона А- цената за едно паркирање по пат на смс изнесува 45 ден од час, за разлика од зона Д каде цената на паркирање од час изнесува 25 денари.

| РЕД. БР. | МЕСЕЦ | 2016 ГОДИНА | 2015 ГОДИНА | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЈАНУАРИ | 81.518,00 | 84.751,00 | -3.233,00 | 0,96 |
| 2 | ФЕВРУАРИ | 104.204,00 | 93.837,00 | 10.367,00 | 1,11 |
| 3 | МАРТ | 119.640,00 | 107.821,00 | 11.819,00 | 1,11 |
| 4 | АПРИЛ | 107.475,00 | 103.588,00 | 3.887,00 | 1,04 |
| 5 | МАЈ | 107.904,00 | 93.970,00 | 13.934,00 | 1,15 |
| 6 | ЈУНИ | 115.195,00 | 114.173,00 | 1.022,00 | 1,01 |
| 7 | ЈУЛИ | 105.786,00 | 103.230,00 | 2.556,00 | 1,02 |
| 8 | АВГУСТ | 106.305,00 | 95.159,00 | 11.146,00 | 1,12 |
| 9 | СЕПТЕМВРИ | 115.361,00 | 112.759,00 | 2.602,00 | 1,02 |
| 10 | ОКТОМВРИ | 107.708,00 | 110.460,00 | -2.752,00 | 0,98 |
| 11 | НОЕМВРИ | 113.307,00 | 109.067,00 | 4.240,00 | 1,04 |
| 12 | ДЕКЕМВРИ | 117.822,00 | 122.023,00 | -4.201,00 | 0,97 |
| | ВКУПНО: | 1.302.225,00 | 1.250.838,00 | 51.387,00 | 1,04 |

# *ПРИХОДИ ОД КАТНИ ГАРАЖИ*

Приходите од катните гаражи изнесуваат 13.588.454,00 денари и поголеми се за 72,10 % споредено со 2015 година, од причина што во 2016 година функционираат две катни гаражи ако се земе во предвид фактот дека катната гаража „Тодор Александров" е ставена во употреба кон крајот на 2015 година односно во месец Декември.

Катната гаража „Македонска фаланга“ оствари приходи во вкупен износ од 5.339.219,00 денари. Приходите од катната гаража „Тодор Александров“ се на износ од 8.249.235,00 денари. Со тоа приходите од стопанисување со катните гаражи се поголеми за 5.692.727,00 денари во споредба со 2015 година кога беа реализирани приходи на износ од 7.895.727,00 денари.

Исто така, мора да се напомене дека на почетокот на 2016 година голем дел од претплатниците на катната гаража „Македонска Фаланга“ мигрираа во новоотворената катна гаража „Тодор Алкесандров“ заради што приходите од претплати во 2016 година кај „Македонска фаланга“ се помали во споредба со 2015 додека пак кај „Тодор Александров“ се значително поголеми.

Во рамки на категоријата корисници на услуга паркирање по пат на претплата треба да се напомене дека најмасовна категорија корисници претставува „вработен кај правен субјект“ кој гравитира во близина на Катната гаража .

Во продолжение се прегледи за реализирани приходи од катните гаражи по основ дневен промет, претплати и вкупен приход по двете основи.

*ПРИХОДИ ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ ОД КАТНИ ГАРАЖИ ЗА 2016 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2015 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Ред. бр. | *КАТНА ГАРАЖА* | *2016* | *2015* | *+ / -* | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонска фаланга | 1.452.634,00 | 1.449.301,00 | 3.333,00 | 1,00 |
| 2 | Тодор Александров | 3.025.151,00 | 194.558,00 | 2.830.593,00 | 15,55 |
| | *ВКУПНО:* | **4.477.785,00** | **1.643.859,00** | **2.833.926,00** | **2,72** |

*ПРИХОДИ ОД ПРЕТПЛАТИ ПОКАТНИ ГАРАЖИ ЗА 2016 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2015 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Ред. бр. | *КАТНА ГАРАЖА* | *2016* | *2015* | *+ / -* | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонска фаланга | 3.886.584,00 | 5.591.610,00 | -1.705.026,00 | 0,70 |
| 2 | Тодор Александров | 5.224.084,00 | 627.328,00 | 4.596.756,00 | 8,33 |
| | *ВКУПНО:* | **9.110.668,00** | **6.218.938,00** | **2.891.730,00** | **1,46** |

*ПРИХОДИ ОД ДНЕВЕН ПРОМЕТ И ПРЕТПЛАТИ ПО КАТНИ ГАРАЖИ ЗА 2016 ГОДИНА, СПОРЕДБЕНО СО 2015 ГОДИНА– ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| Ред. бр. | *КАТНА ГАРАЖА* | *2016* | *2015* | *+ / -* | *ИНДЕКС* |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонска фаланга | 5.339.218,00 | 7.040.911,00 | -1.701.693,00 | 0,76 |
| 2 | Тодор Александров | 8.249.235,00 | 821.886,00 | 7.427.349,00 | 10,04 |
| | *ВКУПНО:* | **13.588.453,00** | **7.862.797,00** | **5.725.656,00** | **1,73** |

# ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 20.810.051,00 денари. По основ дневен промет наплатени се 11.496 возила или вредносно 20.717.255,00 ден. додека остатокот од приходот на износ од 92.796,00 ден. изнесува фактурирана услуга за подигнати возила најчесто по повик на трети лица.

Во споредба со истот период минатата година, бележиме пад на приходот од дневен промет кај овој сектор за речиси 30,00 % или за 6.240.471,00 денари што се должи во најголем дел на намалената соработка со *МВР*, како резултатат на општата безбедносна состојба предизвикана од економско - политичката криза во земјата.

Работата на Сектор Пајак освен што е директно условена од сорабоката со сообраќајната полиција и соработката со комуналните инспектори на Градот Скопје и пооделните општини, условена е и зависи исто така, и од временските услови, исправноста на специјалните возила пајак понатаму, развојот на сообраќајната култура како и развојот на паркирањето во главниот град.

Во табелата подолу даваме преглед во кој е прикажан вкупниот дневен промет (бруто износ) од подигнати и наплатени возила за услуга со специјалните пајак возила по месеци во текот на 2016 година споредбено со 2015 година.

*СПОРЕДБЕН ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ДНЕВЕН ПРОМЕТ ОД СЕКТОР ПАЈАК ЗА 2016 И 2015 ГОДИНА*

| ред. бр. | Период | Број на подигнати и наплат. возила во 2016 | Дневен промет во Бруто износ 2016 | Број на подигнати и наплат. возила во 2015 | Дневен промет во Бруто износ 2015 | Разлика во реализација | индекс возила | индекс промет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јануари | 915 | 2.008.500,00 | 898 | 1.985.300,00 | 23.200,00 | 1,02 | 1,01 |
| 2 | Февруари | 1155 | 2.517.500,00 | 1113 | 2.470.500,00 | 47.000,00 | 1,04 | 1,02 |
| 3 | Март | 1272 | 2.749.000,00 | 1506 | 3.422.900,00 | -673.900,00 | 0,84 | 0,80 |
| 4 | Април | 722 | 1.497.900,00 | 1288 | 2.899.300,00 | -1.401.400,00 | 0,56 | 0,52 |
| 5 | Мај | 819 | 1.753.500,00 | 815 | 1.826.000,00 | -72.500,00 | 1,00 | 0,96 |
| 6 | Јуни | 969 | 2.076.300,00 | 1185 | 2.597.913,00 | -521.613,00 | 0,82 | 0,80 |
| 7 | Јули | 922 | 1.932.660,00 | 1130 | 2.532.000,00 | -599.340,00 | 0,82 | 0,76 |
| 8 | Август | 668 | 1.328.300,00 | 878 | 1.934.000,00 | -605.700,00 | 0,76 | 0,69 |
| 9 | Септември | 1.065 | 2.253.500,00 | 1315 | 2.904.000,00 | -650.500,00 | 0,81 | 0,78 |
| 10 | Октомври | 1.170 | 2.505.500,00 | 1630 | 3.747.000,00 | -1.241.500,00 | 0,72 | 0,67 |
| 11 | Ноември | 971 | 2.066.100,00 | 1277 | 2.763.200,00 | -697.100,00 | 0,76 | 0,75 |
| 12 | Декември | 848 | 1.757.600,00 | 1249 | 2.770.000,00 | -1.012.400,00 | 0,68 | 0,63 |
| | **Вкупно** | **11496** | **24.446.360,00** | **14284** | **31.852.113,00** | **7.405.753,00** | 0,80 | 0,77 |

# ПРИХОДИ ОД ВЕЛОСИПЕДИ

Сезоната кога Јавното претпријатие започнува со изнајмување на велосипеди е Април а завршува во месец Октомври. По основ изнајмување велосипеди реализиран е нето приход на износ 19.970,00 денари. Во споредба со минатогодишниот извештај, приходот е поголем за 6.790,00 или процентуално за 51,52%.

Во врска со Проектот „Скопје изнајми велосипед“ мора да потсетиме дека:

- приходот од изнајмување велосипеди е повеќе симболичен, ако се земе во предвид фактот дека цената на изнајмување велосипед изнесува 10 денари од час;
- кај граѓаните сеуште преовладува ниска свест во однос на грижата при изнајмување на велосипедите што пак, од друга страна, продуцира дополнителни трошоци за одржување на велосипедите .

Во прегледот што следи го прикажуваме остварениот промет од изнајмување велосипеди по месоци како и износот на часови на изнајмување на велосипедите.

## *ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАН ПРОМЕТ ОД ВЕЛОСИПЕДИ ПО МЕСЕЦИ- СЕЗОНА 2016*

| *МЕСЕЦ* | *ЦЕНА ЗА ЧАС* | *ВКУПНО ЧАСОВИ* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***АПРИЛ*** | 10,оо ден. | 155 | 1.550.00 |
| ***МАЈ*** | 10,оо ден. | 41 | 410.00 |
| ***ЈУНИ*** | 10,оо ден. | 57 | 570.00 |
| ***ЈУЛИ*** | 10,оо ден. | 32 | 320.00 |
| ***АВГУСТ*** | 10,оо ден. | 64 | 640.00 |
| ***СЕПТЕМВРИ*** | 10,оо ден. | 28 | 280.00 |
| ***ОКТОМВРИ*** | 10,оо ден. | 1620 | 16.200.00 |
| ***ВКУПНО:*** | | **1.997** | **19.970,00** |

## *ПРИХОД ОД ИЗНАЈМУВАЊЕ ВЕЛОСИПЕДИ ПО НАПЛАТНИ ПУНКТОВИ ЗА 2016*

| *НАПЛАТЕН ПУНКТ* | *ИЗНОС* |
|---|---|
| ***8ми СЕПТЕМВРИ*** | 520.00 |
| ***ГРАДСКА БОЛНИЦА*** | 12.940.00 |
| ***АЕРОДРОМ*** | 3.810.00 |
| ***КАТНА ГАРАЖА*** | 1.950.00 |
| ***ТРЕСКА*** | 750.00 |
| ***ВКУПНО:*** | **19.970,00** |

Најголем број изнајмени велосипеди во текот на 2016 година има наплатниот пункт на јавното паркиралиште Градска Болница каде е реализиран промет од 12.940,00 денари, 3.810,00 денари е реализиран промет од наплатниот пункт во Општина Аеродром, 1.950,00 денари има реализирано наплатниот пункт кај Катна гаража Македонска фаланга, 750 денари е реализиран приход од наплатниот пункт кај јавното паркиралиште Треска" и 520 денари наплатниот пункт кај јавното паркиралиште „8-ми Септември".

# ПРИХОДИ ОД ЕЛЕКТРОВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРОМОБИЛИ

Не се остварени приходи од изнајмување на електровелосипеди , додека пак приходите од изнајмување на електромобилите изнесуваат 52.119,00 денари. Во споредба со 2015 година приходите реализирани од изнајмување на електромобли се незначително поголеми за 2.415,00 денари. Висината на приходот од изнајмување на електромобили е условена од повеќе фактори: временските услови, градежните активности во централното градско подрачје, интересот на туристите итн.

Приходите од изнајмување на електромобили изнесуваат 52.119,00 денари односно, реализиран е промет на износ 61.500,00 денари.

Во продолжение даваме преглед за реализиран промет при изнајмување електромобили во текот на 2016 година.

Во периодот Април- Октомври извршени се 1.230 изнајмувања на електромобили.

| *МЕСЕЦ* | *ЦЕНА ЗА ЧАС* | *ВКУПНО ЧАСОВИ* | *ВКУПНО* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| ***АПРИЛ*** | 50,оо ден | 137 | 6.850,00 |
| ***МАЈ*** | 50,оо ден | 147 | 7.350,00 |
| ***ЈУНИ*** | 50,оо ден | 147 | 7.350,00 |
| ***ЈУЛИ*** | 50,оо ден | 203 | 10.150,00 |
| ***АВГУСТ*** | 50,оо ден. | 173 | 8.650,00 |
| ***СЕПТЕМВРИ*** | 50,оо ден. | 208 | 10.400,00 |
| ***ОКТОМВРИ*** | 50,оо ден. | 215 | 10.750,00 |
| ***ВКУПНО:*** | | **1230** | **61.500,00** |

Овие проекти немаат комерцијална намена туку се реализираат со цел да се збогати туристичката понуда на градот со разгледување знаменитости а воедно и со цел да се поттикне свеста кај граѓаните од важноста на еколошките проекти заради заштита на животната средина.

# *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

Износот на останати приходи е 3.309.009,00 ден. Во оваа група приходи ги евидентираме приходите од наплата на отпишани побарувања ( побарувања за кои сме иницирале судска постапка во претходните години), приходи од субвенции и донации во опрема доделени на јавното претпријатие од претходни години а евидентирани во согласност со МСС стандардите, судски трошоци, штети, приходи од минати години и други вонредни надоместоци.

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходите по основ камата и позитивни курсни разлики на износ 221.981,00 денари.

## *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 31.12.2016 година се на износ 163.798.790,00 денари.

Во прилог даваме споредбен преглед на трошоците по групи за период од 01.01 до 31.12.2016 година со истиот период од минатата, 2015 година:

| *РЕД. БР.* | *ГРУПА НА ТРОШОЦИ* | *2016 ГОДИНА* | *2015 ГОДИНА* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1 | Трошоци за суровини и материјали | 11.386.160,00 | 11.044.659,00 |
| 2 | Трошоци за услуги | 32.205.664,00 | 26.720.741,00 |
| 3 | Плата и надоместоци од плата | 102.809.349,00 | 103.714.204,00 |
| 4 | Трошоци за амортизација | 10.774.437,00 | 9.810.434,00 |
| 5 | Останати трошоци на работење | 6.479.897,00 | 6.535,881,00 |
| 6 | Вредносно усогласување на побарувања | 72.592,00 | 0,00 |
| 7 | Останати расходи | 44.483,00 | 254.141,00 |
| 8 | Финансиски расходи | 26.208,00 | 28.602,00 |
| | *ВКУПНО:* | **163.798.790,00** | **158.108.662,00** |

### *1. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

Во првата група трошоци- трошоци за суровини и материјали, енергенси бележиме пораст на трошоците за 341.501,00 денари или 3,09% .

Во рамките на групата „материјални трошоци" бележиме пад кај следните трошоци: помошни материјали и средства за чистење, гориво како и на трошокот за инвентар и хтз опрема. Кај останатите видови трошоци: за канцелариски материјал, фискални и бар код ролни, чип и греб картички, како и на трошоците за електрична енергија и парно се забележува пораст на трошоците. Порастот на овие трошоци е резултат на тоа што оваа година за разлика од минатата функционираат две катни гаражи.

### *2. ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјалните и нематеријалните основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, закуп, комунални

услуги, графички услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање, трошокот за времени вработувања и други видови услуги.

Во однос на минатата година оваа група на трошоци бележи пораст за 5.484.923,00 денари или 20,53 %.

Ќе потсетиме дека оваа година се спроведе санација – прекопување на делови од паркиралиштето Клинички Центар и електрично поврзување за што се потрошени 327.125,00 денари. Имаме пораст на месечниот трошок за одржување на системите кај затворените паркиралишта со што услугите за тековно одржување се поголеми во споредба со ланската година. Понатаму, тековното одржување на инвентарот е поголемо како резултат на обврската за годишно одржување на фискалните каси заради годишното обновување на ГПРС системот. Претпријатието располага со 63 фискални каси. Како резултат на дефект на водоводната мрежа во катната гаража „Тодор Александров" добиени се сметки за вода со значителен износ заради што бележиме пораст на трошкот за комунални услуги. Оваа година и трошокот за времено вработените е значително поголем во споредба со ланскиот период од причина што се ангажирани повеќе времено вработени лица. Извршена е и преадаптација на дел од просторот во катна гаража „Тодор Александров" со што се направени канцеларии за дел од вработените од Сектор Јавни паркиралишта како и кол центарот за паркирање итн.

Во продолжение е преглед за извршено бележење во текот на 2015 година.

## *БЕЛЕЖЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРКИРАЛИШТА И ПОВРШИНИ НАМЕНЕТИ ЗА ПАРКИРАЊЕ- ЗОНИ ВО ТЕК НА 2016 ГОДИНА- ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ*

| НАЗИВ / ОЗНАКА | БЕЛЕЖЕЊЕ СО БЕЛА БОЈА | БЕЛЕЖЕЊЕ НА СТРЕЛКИ СО БЕЛА БОЈА | БЕЛЕЖЕЊЕ НА РАЗДЕЛНИ ОСТРОВА СО БЕЛА БОЈА | БЕЛЕЖЕЊЕ НА ЛПП СО ЖОЛТА БОЈА | БКУПНО ОБЕЛЕЖЕНА ПОВРШИНА ВО $m^2$ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Б7 | 187,20 | 20,80 | 12,00 | 10,00 | 230,00 |
| Д3 | 1.831,00 | 116,60 | 58,54 | 115,00 | 2.121,14 |
| Д4 | 933,00 | 68,60 | 25,80 | 100,00 | 1.127,40 |
| Д6 | 207,70 | 9,20 | 11,25 | 5,00 | 233,15 |
| Д7 | 887,00 | 30,40 | 111,40 | 110,00 | 1.138,80 |
| ГРАДСКА БОЛНИЦА | 189,10 | 25,80 | 97,09 | 15,00 | 326,99 |
| КОЧО РАЦИН | 256,10 | 27,00 | 120,00 | 30,00 | 433,10 |
| КЛИНИЧКИ ЦЕНТАР | 110,25 | 9,20 | 0,00 | 12,00 | 131,45 |
| КАТНА ГАРАЖА ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ | 6,30 | 0,00 | 0,00 | 51,40 | 57,70 |
| ВКУПНО $m^2$: | 4.607,65 | 307,60 | 436,08 | 448,40 | 5.799,73 |

## 1. *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ*

Кај трошокот за плати бележиме пад на трошокот за 904.855,00 денари споредено со ланската година. Бројот на вработени е помал во просек за 3 (три) лица во споредба со минатата година.

По основ надоместоци на вработените во 2016 година исплатена е една отпремнина за вработен кој заминал во пензија, исплатена е и помош за смртен случај за едно лице, како и јубилејни награди во вкупен износ од 140.514,00 денари.

### *УЧЕСТВО НА ТРОШОК ЗА БРУТО ПЛАТА ПО СЕКТОРИ, СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ 2016 НАСПРОТИ 2015 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ОПИС | БРУТО ПЛАТА 2016 | БРУТО ПЛАТА 2015 | + / - | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 1 | Администрација | 19.546.076,00 | 20.550.891,00 | -1.004.815,00 | 0,95 |
| 2 | Сектор Пајак | 19.606.397,00 | 18.639.768,00 | 966.629,00 | 1,05 |
| 3 | Јавни Паркиралишта | 27.947.318,00 | 28.459.695,00 | -512.377,00 | 0,98 |
| 4 | Зонско | 35.569.044,00 | 35.843.382,00 | -274.338,00 | 0,99 |
| | ***ВКУПНО:*** | **102.668.835,00** | **103.493.736,00** | **-824.901,00** | **0,99** |

### *УЧЕСТВО НА ТРОШОК ЗА БРУТО ПЛАТИ ВО ПРИХОДИТЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО, СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ 2016 НАСПРОТИ 2015 ГОДИНА*

| РЕД. БР. | ГОДИНА/ БРОЈ ВРАБОТЕНИ | БРУТО ПЛАТА | НЕТО ПРИХОДИ БЕЗ КОМУНАЛНА ТАКСА | НЕТО ПРИХОДИ СО ВКЛУЧЕНА КОМУНАЛНА ТАКСА | % НА УЧЕСТВО НА ПЛАТИТЕ ВО НЕТО ПРИХОДИТЕ | % НА УЧЕСТВО НА ПЛАТИТЕ ВО НЕТО ПРИХОДИТЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 1 | 2016/ 237 | 102.668.835,00 | 155.556.050 | 168.924.653 | 66,00 | 60,78 |
| 2 | 2015/240 | 103.493.736,00 | 163.881.097 | 176.009.189 | 63,15 | 58,80 |

Напомена:
Приходот е изразен во нето износ без вклучен ДДВ во варијанта со и без вклучена комунална такса.

*ПРОСЕЧНА БРУТО И НЕТО ПЛАТА ВО ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ ЗА 2016 ГОДИНА*

| *РЕД. БР.* | *ОПИС* | *ИЗНОС 2016* | *ИЗНОС 2015* |
|---|---|---|---|
| | | | |
| *1* | Просечна бруто месечна плата на ниво на фирма | 8.555.736 | 7.986.189 |
| *2* | Просечен број на вработени по часови | 245 | 248 |
| *3* | Просечна бруто месечна плата на вработен | 34.921 | 34.776 |
| *4* | Просечна нето месечна плата по вработен | 23.646 | 23.549 |

## *2. АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 10.774.437,00 денари. Минатата година за истиот период трошокот за амортизација изнесува 9.810.434,00 денари.

## *3. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

Во групата спаѓаат следните трошоци: дневници и патни трошоци за службени патувања трошоци за користење сопствено возило за службени цели, обуки на вработените, хонорари на органите на управување, донации, репрезентација, осигурување, интелектуални услуги, трошок за ДДВ, договор на дело, судски и административни такси, трошоци за огласување и претплата на весници и стручни списанија, огласување итн.

Оваа група на трошоци е на речиси исто ниво како и минатата година односно, се забележува незначителен пад на трошоците за 55.984,00 денари.

Бележиме различно движење на пооделни трошоци во групата на останати оперативни трошоци или трошоци кои се помали во однос на минатата година се следните трошоци: дневници и патни трошоци за службени патувања, трошоци за користење сопствено возило за службени цели донации, репрезентација, осигурување, банкарски провизии како и интелектуални услуги.

Речиси сите останати трошоци во оваа група се со незначителен пораст во однос на минатата година. Бележиме пораст на трошокот по основ надоместоци на вработените за обуки и други стручни усовршувања. Порастот кај трошокот за ДДВ се должи на обврската за плаќање данок по основ бесплатна услуга за зонско паркирање за станарите

на Општина Аеродром а од 01.01.2013 година и на станарите на Општина Центар на кои паркирањето за прво возило им е бесплатно.

Трошоците за хонорари за управен и надзорен одобор исто така бележат пораст во споредба со 2015 година заради зголемување на нивната висина донесена со одлука на Советот на Град Скопје а со која висината на хонорарите се зголеми од 9.000 и 7.000 на 10.000 со 8.000 денари.

Исто така бележиме пораст на трошоците за административни и судски такси како и надоместоците за огласи и претплати на стручниу списанија.

## *4. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Во 2016 година дел од ненаплатените побарувања ( по основ на издадени доплатни карти) беа дадени на утужување и спроведени пред нотар.

Вредноста на тужените побарувања изнесува 72.592,00 денари.

## *5. ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во групата останати расходи се забележува пад на трошоците на износ 209.658,00 денари во споредба со 2016 година.

Падот на трошоците во оваа група во најголем дел се должи на фактот што немаме значителен отпис на ненаплатени побарувања заклучно 31.12.2016 година, понатаму трошоци по основ на надомест на штети и рекламации, трошоци од минати години како и вонредни трошоци.

## *6. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамките на финансиски расходи на износ 26.208,00 денари спаѓаат трошоци за негативни курсни разлики 274,00 ден. како и трошокот за казнена камата на износ 25.934,00 денари заради доцнење при плаќање на сметки за вода, струја, телефон, како и камата по основ судски спорови и други обврски.

## *4.2 БИЛАНС НА СОСТОЈБА*

| **АКТИВА** | 2016 година | 2015 година |
|---|---|---|
| | | |
| 1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА | 29.533.977,00 | 34.441.824,00 |
| 2.ЗАЛИХИ | 2.790.724,00 | 1.817.864,00 |
| 3. ОБРТНИ СРЕДСТВА | 25.343.063,00 | 17.918.672,00 |
| 4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА | 569.708,00 | 572.431,00 |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **58.237.472,00** | **54.750.791,00** |
| | | |
| **ПАСИВА** | 2016 година | 2015 година |
| 1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ | | |
| Државен јавен капитал | 153.052,00 | 153.052,00 |
| 2.Законски резерви | 15.305,00 | 15.305,00 |
| | | |
| 3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години | 30.070.416,00 | 24.823.173,00 |
| 4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА по оданочување | 0,00 | 5.247.243,00 |
| 5,ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ЗАГУБА по оданочување | -8.242.739,00 | 0,00 |
| 6. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ | 15.390.139,00 | 12.008.242,00 |
| 7.Одложени плаќање на приходи и расходи | 20.851.299,00 | 12.503.776,00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **58.237.472,00** | **54.750.791,00** |

### *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 31.12.2016 ГОДИНА*

Од своето функционирање до денес, Претпријатието прави напор во континуирано вложување а заради обнова и одржување на постоечките основни средства. Располага со 10 (десет) паркинг системи со електронски систем на наплата, 8 (осум) специјални возила Пајак, 19 (деветнаесет) скутери, 1 (еден) мотор, едно полулесно пик- ап возило и 10 (десет) лесни возила, 12 (дванаесет) електромобили, 10 (десет) електровелосипеди, 5 (пет) електроскутери, 2 (два) електрополначи, информатичка опрема, уреди за потребите на зонско паркирање итн.

ЈП Градски Паркинг- Скопје на ден 31.12.2016 година располага со основни средства со сегашна вредност од 28.583.174,00 . Во износот не е вклучена и вредноста на основните средства во подготовка кои изнесуваат 1.391.251,00 денари. Од нив 749.898,00 денари претставуваат материјални средства во подготовка – канцелариски мебел, радиостаница- моторола ,пда уреди и принтери за пда уреди како и печатар за ид

картички додека 200.915,00 денари се нематеријални средства во подготовка – лиценци за софтвер и софтвер за печатар.

Во прилог е преглед на структурата на основните средства по ставки како и нивната вредност (набавна, сегашна) како и износот на нивна истрошеност.

| Опис | Набавна вредност | Исправка на вредност | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| **НЕМАТЕРИЈАЛНИ** | | | |
| **Сметк-финанс.програм** | 75.612 | 75.612 | 0 |
| **Програм за плата** | 28.792 | 28.792 | 0 |
| **Програм за матер.работење** | 19.638 | 19.638 | 0 |
| **Софтвер Пајак** | 24.700 | 24.700 | 0 |
| **Програм Едусофт** | 289.000 | 223.150 | 65.850 |
| **програма Хеликс** | 53.143 | 53.143 | 0 |
| **веб платформа** | 216.930 | 216.930 | 0 |
| **електронска архива** | 226.370 | 226.370 | 0 |
| **Лиценци** | 1.515.414 | 1.299.899 | 215.515 |
| **софтвер за велосипеди** | 228.000 | 228.000 | 0 |
| **Проекти** | 1.788.333 | 1.471.551 | 316.782 |
| **Вкупно А:** | 4.465.932 | 3.867.785 | 598.147 |
| **Вложување во туѓ имот** | 3.645.012 | 1.693.873 | 1.951.139 |
| **Светлосна реклама** | 644.745 | 79.800 | 564.945 |
| **монтажна ограда** | 152.400 | 152.400 | 0 |
| **санација контејнер Пајак** | 102.155 | 102.155 | 0 |
| **профил решетки** | 7.436 | 7.436 | 0 |
| **Вкупно Б:** | 4.551.748 | 2.035.664 | 2.516.084 |
| **Вкупно нематеријални** | 9.017.680 | 5.903.449 | 3.114.231 |
| **МАТЕРИЈАЛНИ** | | | |
| **фрижидер** | 30.208 | 26.799 | 3.409 |
| **телевизор** | 40.415 | 40.415 | 0 |
| **хидратантно ормарче** | 98.250 | 48.897 | 49.353 |
| **свич** | 58.358 | 58.358 | 0 |
| **Компјутери** | 3.908.401 | 3.489.883 | 418.517 |
| **Лаптоп** | 278.389 | 246.856 | 31.534 |
| **компј.мрежа** | 65.521 | 65.521 | 0 |
| **телефонска мрежа** | 75.614 | 75.614 | 0 |
| **телефонска централа** | 530.968 | 428.050 | 102.918 |
| **фискален печатач** | 19.980 | 19.980 | 0 |
| **принтер** | 71.359 | 71.359 | 0 |
| **канцел.мебел** | 527.082 | 387.336 | 139.746 |
| **др.канц.опрема-врата,кујна** | 1.322.418 | 254.967 | 1.067.451 |
| **паркинг системи** | 10.327.841 | 10.096.846 | 230.995 |
| **машина за миење возила** | 126.300 | 115.775 | 10.525 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Компресор** | 113.175 | 107.516 | 5.659 |
| **правосмукалка** | 45.820 | 33.969 | 11.851 |
| **Специјални возила - Пајаци** | 40.647.088 | 30.953.688 | 9.693.400 |
| **транс.с-ва-лесни возила** | 6.656.453 | 5.231.072 | 1.425.381 |
| **Скутер** | 2.431.991 | 2.243.850 | 188.140 |
| **Електрични велосипеди** | 550.000 | 340.579 | 209.421 |
| **Електрично возило** | 9.269.487 | 3.901.581 | 5.367.906 |
| **Електро тротинет** | 1.970.000 | 611.015 | 1.358.985 |
| **ПДА Уреди** | 3.920.185 | 2.251.456 | 1.668.728 |
| **Полнач Зебра** | 37.200 | 37.200 | 0 |
| **Принтер Зебра МЗ 320** | 1.199.059 | 848.903 | 350.156 |
| **Рампи** | 26.200 | 26.200 | 0 |
| **клима уреди** | 436.712 | 359.663 | 77.049 |
| **радио станици** | 860.734 | 795.558 | 65.177 |
| **системи за евид.раб.време** | 323.647 | 244.786 | 78.861 |
| **систем за видео надзор** | 285.002 | 264.281 | 20.721 |
| **машини за метење** | 155.142 | 122.821 | 32.321 |
| **пумпа** | 31.525 | 10.534 | 20.991 |
| **пумпа за подмачкување** | 26.102 | 20.664 | 5.438 |
| **пумпа за распрскување** | 18.271 | 14.465 | 3.806 |
| **полнач-стартер** | 52.203 | 41.327 | 10.876 |
| **Репетитор** | 385.680 | 202.292 | 183.388 |
| **Наплатен терминал** | 593.900 | 410.781 | 183.119 |
| **Станица за полнење ел.возила** | 2.425.885 | 478.021 | 1.947.864 |
| **Вкупно А:** | 89.942.564 | 64.978.878 | 24.963.686 |
| **Градежни објекти** | | | |
| **Куќарки** | 2.062.008 | 1.733.091 | 328.917 |
| **контејнери во Пајак депо** | 300.000 | 252.500 | 47.500 |
| **монтажен магацин** | 228.900 | 165.953 | 62.947 |
| **настрешница за велосипеди** | 141.200 | 75.307 | 65.893 |
| **Вкупно Б:** | 2.732.108 | 2.226.851 | 505.257 |
| **Вкупно материјални** | 92.674.672 | 67.205.729 | 25.468.943 |
| **Севкупно основни с-ва** | 101.692.352 | 73.109.178 | 28.583.174 |

Во текот на 2016 година Претпријатието инвестираше во набавка на следните основни средства, опрема и инвентар:

- ✓ 802.808,00 ден. за градежно занаетчиски работи заради адаптирање на канцеларии во катна гаража „Тодор Александров",
- ✓ 2.684.475,00 ден. за набавка на ХТЗ опрема,
- ✓ 970.000,00 ден. за набавака на блокатори за тркала ( паркинг клешта),
- ✓ 713.277,00 ден. за изведување работи за поставување на ламинатни подови,

- ✓ 2.600,200,00 ден. за набавка на ПДА уреди и принтери „Зебра" за зонско паркирање,
- ✓ 279.800,00 ден. за набавка на еднофазни, трофазни кабли и адаптери за електрополначи во двете катни гаражи,
- ✓ 327.125,00 ден. за ископ и електрично поврзување на јавното паркиралиште „Клинички Центар Мајка Тереза" и изградба на бетонски острови за подобар пристап во катна гаража „Тодор Александров",
- ✓ 99.000,00 ден. за набавка на акумулатори за електромобилите,
- ✓ 1.083,222,00 ден. за набвака на светлосни реклами за двете катни гаражи како и за брендирање на постоечките објекти и опрема во претпријатието,
- ✓ 1.029.585,00 ден. за изработка на метална ограда и метални врати за оградување на депо на Сектор Пајак како и изработка на метална врата за катна гаража „Тодор Александров",
- ✓ 157.000,00 ден. за набавка на блокатори за резервирано паркинг место.
- ✓ 407.963,00 ден.за набавка на опрема и материјал за изработка и програмирање на електронски чип картички.

Воедно, кон крајот на 2016 година беа спроведени постапки за јавни набавки и склучени се Договори за набавка на опрема чија реализација се спроведе во првиот квартал од 2017 година однсно во месец март а станува збор за :

- ✓ 13.500.000,00 денари за набавка на две специјални возила Пајак,
- ✓ 4.010.500,00 денари за набавка на возило за метење улици и
- ✓ 2.284.500,00 денари за две машини за чистење подови во катните гаражи

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 2.790.724,00 денари. Од нив 775.356,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали и се однесуваат на следните ставки:

канцелариски материјал, фотокопирна хартија , тонери за принтери, обрасци – испратници, доплатни карти, муфон налепници, бар код и фискални ролни , чип и греб картички, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар (велосипеди, блокатори, канцелариски мебел, клима уреди) изнесува 1.130.756,00 денари. Вредноста на ХТЗ опремата на залиха изнесува 753.074,00 денари додека пак автогуми на залиха имаме во вредност од 131.538,00 денари.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

На ден 31.12.2016 година, Претпријатието на своите трансакциски сметки и благајна располага со парични средства во вкупен износ од 17.576.870,00 денари.

Побарувања од купувачи заклучно 31.12.2016 изнесуваат 7.089.536,00 денари. Наплатата на истите се врши тековно во наредните периоди.

Тужени побарувања, Претпријатието има на износ 3.714.165,00 денари. Истите, во најголем износ, проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012та и 2013та година се процесуирани директно на Нотар. Постапата за нивна наплата е во тек.

По основ аконтација од данок од добивка имаме побарувања на износ од 481.426,00 ден.

Побарувања од вработени, во вкупен износ од 152.370,00 денари, се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркиралишта, надминати телефонски лимити штети од невнимателно ракување со опрема, корекција на пресметки итн.

Побарувања од банки и купувачи со кредитни и дебитни картички на износ 33.532,00 денари се всушност тековните побарувања од деловните банки по основ дневен промет

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци евидентирани како пресметани на износ 569.708,00 денари а кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци за осигурување ( 183.116,00 ден.), за платени такси на нотари и извршители ( 319.186,00), претплати за стручни весници и списанија ( 67.406,00 ) итн.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

Вкупниот износ на краткорочните обврски е 15.390.139,00 денари. Од овој износ, 7.723.410,00 денари отпаѓа на обврска за комунална такса кон Град Скопје. Притоа, мора

да се напомене дека претпријатието во текот на 2015 година исплати обврска за комунална такса во висина од 10.874.357,00 денари за период м.08.2015-м.05.2016 година.

Обврските кон добавувачите изнесуваат 5.305.565,00 денари и истите во наредниот пресметковен период редовно се подмируваат кон комитентите.

Обврската за ДДВ се однесува за месец Декември 2016 на износ 2.084.918,00 денари и истата е подмирена во законски определениот рок кон Управата за јавни приходи итн.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Во рамки на категоријата одложени пресметани приходи и расходи се евидентираат приходите и расходите на претпријатието во согласност со МСС стандардите а се однесуваат на следните ставки :

- 296.365,00 Пресметани трошоци кои се однесуваат на нареден пресметковен период (трошоци за осигурување, претплати за дневни и стручни списанија итн.)
- 3.340.112,00 Приходи по основ извршени плаќања за услуга за паркирање а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период.
- 195.480,00 Други одложени приходи по основ претплати
- 17.019.342,00 се приходи од државна подршшка по основ на доделени субвенции и донации во опрема и како парични средства. Конкретно, од овој износ ќе нагласиме дека 10 милиони денари се финансиска поддршка која претпријатието ја доби од својот основач Град Скопје кон крсјот на 2016 година. Намената на овие средствата е да се врши понатамошен развој и унапредување на проектот „Скопје изнајми велосипед ". Проектот е воведен со примарна цел велосипедот да се користи како превозно средство , особено во централното градско подрачје. Исто така , целта на проектот е велосипедите да се употребуваат за рекреативни и туристички потреби како и за подигање на јавната свест за промена на навиките на граѓаните за употреба на алтернативните средства за јавен транспорт а со тоа се придонесува и за заштита на животната средина.

  Реализацијата на овој проект ќе се спроведува во текот на 2017 година.

# 5. ЗАКЛУЧОК ЗА РАБОТЕЊЕТО И ИДНИОТ РАЗВОЈ НА ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ

ЈП Градски паркинг- Скопје во 2016-та година оствари негативен финансиски резултат– Загуба на износ од 8.242.740,00 денари. Вкупните приходи изнесуваат 155.556.050,00 денари, вкупните трошоци се на износ 163.798.790,00 денари.

Негативниот финансиски резултат е последица на низа системски слабости со кои претпријатието се соочува во своето работење. Имено падот на приходите во голема мерка е условен од бесплатното паркирање на станарите во градот Скопје а кои воедно се и најмасовна категорија на корисници на услугата паркирање. Врз база на проценките од извештаите претпријатието има повеќе од 7,000 станари чија услуга доколку би се наплаќала претпријатието би инкасирало околу 10,8 милиони денари.

Исто така, во Сектор Пајак како резултата на намалената соработка со МВР намален е бројот на непрописно подигнати возила за околу 2.788 возила во споредба со 2015 година односно, приходите на овој сектор се помали за 6.240.471,00 денари.

Понатаму, висината на обврската за комунална такса исто така сериозно ги оптоварува приходите на јавното претпријатие. За 2016 година оваа обврска е пресметана во висина од 13.368.603,00 денари.

И покрај негативниот финансиски резултат за 2016-та година видливо е од финансиските показатели кои беа претходно изложени дека претпријатието работело „домаќински" со цел економичност и заштеда на трошоците.

Забележливи се заложбите на јавното претпријатие во остварување и реализација на зацртаните проекти и цели согласно Програмата за инвестиции.

Навремено и редовно се исплатувани обврските кон вработените за плати, даночните обврски кон државата, обврските кон доверителите.

Редовно се спроведувани акции на чистење, одржување и бележење на јавните површини, одржување на системот за зонско паркирање како и одржување на паркинг системите на „затворените" јавни паркиралишта и други тековни инвестициски вложувања со кои се одржува и унапредува дејноста на Претријатието.

ЈП Градски паркинг- Скопје своето работење го темели согласно имплементацијата на систем за управување со квалитет според барањата на ИСО 9001:2008 имплементирани во текот на 2013 година и обновени во текот на 2014, 2015 и 2016 година. На стартот на 2017 година повторно се реализира постапката за ресертификација на добиениот сертификат ИСО 9001:2008.

Очекуваме дека во соработка со органите на управување, институциите, Градоначалникот како и Советот на Град Скопје ќе се превземат решенија за подобрување на работењето на нашето претпријатието како би можело истото и во иднина да покажува успешни резултати во своето работење. Нивната поддршка е особено значајна во заложбите на претпријатието да ги реализира проектите зацртани во Инвестиционата програма пред се преку понатамошен развој на дејноста паркирање со уредување и отварање на нови паркинг површини, развој на постоечките проекти што се од интерес на граѓаните, континуирана соработка со МВР и комуналните инспектори итн.

ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ
Претседател на Управен Одбор
Тодор Димитров